**20240641459**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА РИБАРСТВО И АКВАКУЛТУРА(*)

Се прогласува Законот за рибарство и аквакултура (*),
што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 13 март 2024 година.

Бр. 08-1955/1
13 март 2024 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Стево Пендаровски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
**Јован Митрески,** с.р.

## ЗАКОН ЗА РИБАРСТВО И АКВАКУЛТУРА(*)

### I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Предмет на Законот**

Член 1

Со овој закон се уредуваат риболовните води и риболовот, управувањето и користењето на рибите и другите водни организми, аквакултурата, заедничкото уредување на пазарот на производите од рибарство и аквакултура, надлежните органи за спроведување на

[*] Со овој закон се врши усогласување со:
- Регулативата (ЕУ) бр. 1379/2013 на Европскиот парламент и на Советот од 11 декември 2013 година за заедничката организација на пазарите на производи од рибарство и аквакултура, за изменување на Регулативите (ЕЗ) бр. 1184/2006 и (ЕЗ) бр. 1224/2009 на Советот и за укинување на Регулативата (ЕЗ) бр. 104/2000 на Советот (CELEX број 32013R1379);
- Регулативата (ЕУ) 1380/2013 на Европскиот парламент и на Советот од 11 декември 2013 година за заедничката политика за рибарство за изменување на Регулативите (ЕЗ) бр. 1954/2003 и (ЕЗ) бр. 1224/2009 на Советот и за укинување на Регулативите (ЕЗ) бр. 2371/2002 и (ЕЗ) бр. 639/2004 на Советот и Одлуката 2004/585/ЕЗ на Советот (CELEX број 32013R1380);
- Регулативата (ЕЗ) бр. 1224/2009 на Советот од 20 ноември 2009 година за воспоставување систем за контрола на Заедницата за обезбедување усогласеност со правилата на заедничката риболовна политика, за изменување на Регулативите (ЕЗ) бр. 847/96, (ЕЗ) бр. 2371/2002, (ЕЗ) бр. 811/2004, (ЕЗ) бр. 768/2005, (ЕЗ) бр. 2115/2005, (ЕЗ) бр. 2166/2005, (ЕЗ) бр. 388/2006, (ЕЗ) бр. 509/2007, (ЕЗ) бр. 676/2007, (ЕЗ) бр. 1098/2007, (ЕЗ) бр. 1300/2008, (ЕЗ) бр. 1342/2008 и за укинување на Регулативите (ЕЕЗ) бр. 2847/93, (ЕЗ) бр. 1627/94 и (ЕЗ) број 1966/2006 (CELEX број 32009R1224);
- Регулативата (ЕЗ) бр. 1100/2007 на Советот од 18 септември 2007 година за утврдување на мерките за обновување на резервите на европска јагула (CELEX број 32007R1100);
- Регулативата за спроведување (ЕУ) на Комисијата од 17 декември 2013 година за планови за производство и ставање на пазар во согласност со Регулативата (ЕУ) бр. 1379/2013 на Европскиот парламент и на Советот за заедничка организација на пазарите на производи од рибарство и аквакултура (CELEX  број 32013R1418);
- Регулативата за спроведување (ЕУ) 1419/2013 на Комисијата од 17 декември 2013 година за признавањето на организациите на производители и меѓупрофесионалните организации, проширувањето на правилата на организациите на производители и меѓупрофесионалните организации и објавувањето на почетните цени, како што е предвидено со Регулативата (ЕУ) бр. 1379/2013 на Европскиот парламент и на Советот за заедничка организација на пазарите за производи од рибарство и аквакултураза планови за производство и ставање на пазар во согласност со Регулативата (ЕУ) бр. 1379/2013 на Европскиот парламент и на Советот за заедничка организација на пазарите на производи од рибарство и аквакултура (CELEX број 32013R1419);
- Регулативата (ЕЗ) 1005/2008 на Советот од 29 септември 2008 година за воспоставување на систем на Заедницата за да се спречи, задржи и елиминира нелегален, непријавен и нерегулиран риболов, за изменување на Регулативите (ЕЕЗ) бр. 2847/93 (ЕЗ) бр. 1936/2001 и (ЕЗ) бр. 601/2004 и укинување на Регулативи (ЕЗ) бр. 1093/94 и (ЕЗ) бр. 1447/1999 (CELEX број  32008R1005) и
- Регулативата (ЕУ) бр. 910/2014 на Европскиот парламент и на Советот од 23 јули 2014 година за електронска идентификација и доверливи услуги за електронски трансакции во внатрешниот пазар и за укинување на Директива 1999/93/ЕЗ (CELEX број 32014R0910).

одредбите на овој закон, заштитата на рибите и другите водни организми, поморот на риби, надоместок на штета и право на отштета, порибувањето и производството на порибителен материјал, надзорот и контролата, како и други прашања од значење во областа на рибарството и аквакултурата.

**Поими**

Член 2

Одделни поими употребени во овој закон го имаат следново значење:

1. „**Автохтони (доморoccupied) видови риби**“ се видови риби кои природно и примарно живеат во одредена риболовна вода;

2. „**Алохтони (недомородни) видови риби**“ се оние видови риби кои природно и примарно не живеат во одредена риболовна вода;

3. „**Атрактивни зони**“ се определени рекреативни зони со посебни карактеристики по однос на видовите риби и посебен режим на организирање на рекреативниот риболов;

4. „**Годишен извештај**“ е документ кој задолжително го изработува корисникот на рибите и другите водни организми секоја година на крајот на риболовната сезона;

5. „**Дозвола за рекреативен риболов**“ е исправа врз основа на која риболовците можат да вршат рекреативен риболов;

6. „**Заштита на рибите и другите водни организми**“ е збир на мерки кои се спроведуваат заради нивно зачувување и одржување на условите за долгорочно и одржливо користење;

7. „**Излов**“ е вкупен улов на риба и други водни организми при изведување селективен и мелиоративен риболов и при вршење аквакултура;

8. „**Ихтиомаса**“ е вкупната количина на риба во одредена риболовна вода во одреден момент;

9. „**Кафез**“ е рибник или дел од рибник (платформа за аквакултура), во кој рибите се чуваат во ограден простор со мрежа, поставен во риболовна вода;

10. „**Комерцијален риболов**“ е лов на риби и други водни организми со цел стекнување на економска добивка;

11. „**Легитимација за рибар**“ е документ врз основа на кој рибарите можат да вршат комерцијален риболов;

12. „**Легитимација за рибочувар**“ е документ врз основа на кој рибочуварите вршат заштита на рибите и другите водни организми;

13. „**Ловостој**“ е временски период во кој е забрането ловење и ставање во промет на одредени видови риби, освен рибите произведени од аквакултура;

14. „**Малопродажба**“ е постапување и/или преработка на храна и нејзино складирање на местото на продажба или испорака до крајниот потрошувач, вклучително и до дистрибутивни терминали, угостителски дејности, фабрички мензи, угостителски дејности во институции, ресторани и други слични дејности за подготовка и послужување храна, продавници, дистрибутивни центри на супермаркети и места за големопродажба;

15. „**Мелиоративен риболов**“ е риболов кој се изведува со цел за драстично намалување на популацијата на алохтони видови риби и други водни организми во одделни риболовни води;

16. „**Мешан производ**“ е производ од рибарство и аквакултура добиен од ист вид риба со различен метод на производство;

17. „**Нелегален, непријавен и нерегулиран риболов (ННН риболов)**“ се риболовни активности кои се нелегални, непријавени и нерегулирани;

18. „**Нелегален риболов**“ се риболовни активности спроведени од:

- национални или странски риболовни бродови во морски води под надлежност на земја членка на Европската Унија, без дозвола од истата или во спротивност со нејзините национални закони;

- риболовни бродови кои пловат под знаме на земјите кои се договорни страни на регионална организација за управување со риболов, но кои работат во спротивност со мерките за заштита и управување донесени од таа организација и според кои земјите се обврзани или во спротивност со релевантните одредби на меѓународното законодавство или

- риболовни бродови, во спротивност со националните закони на земјите членки на Европската Унија или меѓународните обврски, вклучувајќи ги и обврските што се преземени од земјите кои соработуваат со регионалната организација за управување со риболов;

19. „**Непријавен риболов**" се риболовни активности, кои:

- не се пријавени или се погрешно пријавени на надлежните национални органи на земјите членки на Европската Унија, во спротивност со нивните национални закони или

- се преземени во областа од надлежност на регионална организација за управување со риболов и не се пријавени или се погрешно пријавени, во спротивност со постапките за пријавување на таа организација;

20. „**Нерегулиран риболов**" се риболовни активности спроведени:

- во областа од надлежност на регионална организација за управување со риболов од риболовни бродови без национална припадност, од риболовни бродови кои пловат под знамето на земја која не е дел од организацијата или од било кој друг риболовен субјект, на начин кој не е во согласност со мерките за заштита и управување на таа организација или

- во области или за видови риби во однос на кои нема применливи мерки за заштита и управување од риболовни бродови на начин кој не е во согласност со одговорностите на земјата членка на Европската Унија за заштита на живите морски ресурси според меѓународното законодавство;

21. „**Подмладок**" се јувенилни риби, односно полово несозреани риби;

22. „**Порибителен материјал**" е икра, оплодена икра, млеч, ларви и личинки и подмладок;

23. „**Порибување**" е планско внесување на одредени видови риби и други водни организми во риболовна вода, со цел да се зачува оптималната структура и густините на рибите;

24. „**Преработки од рибарство и аквакултура**" се преработени производи од рибите и други водни организми и преработка на овие преработени производи;

25. „**Производи од аквакултура**" се риби други водни организми кои се произведени во аквакултура или нивни производи;

26. „**Производи од рибарство**" се риби и други водни организми кои се уловени во риболовните води или нивни производи;

27. „**Промет**" на производи од рибарство и аквакултура се сите фази на нивна продажба (ставање на пазар), вклучувајќи го и транспортот;

28. „**Рекреативен риболов**" е лов на риба со дозволен риболовен прибор и опрема заради рекреација;

29. „**Рекретивна зона (ревир)**" е дел или цело риболовно подрачје на кое може да се врши рекреативен и спортски риболов;

30. „**Рибар**" е вработено лице кај корисниците на рибите и другите водни организми кое поседува легитимација за рибар;

31. „**Рибарски алат**" се риболовни средства дозволени за вршење комерцијален риболов;

32. „**Риби и други водни организми**“ се риби, ракови, школки, жаби и други водни животни кои ги населуваат и живеат во риболовните води и се одгледуваат во аквакултура и нивниот порибителен материјал;

33. „**Рибник**“ е објект за аквакултура кој може по потреба да се празни и полни со вода, а во зависност од начинот на користење на водата рибниците можат да бидат рибници со затворен систем на одгледување и рибници со отворен систем на одгледување;

34. „**Риболов**“ е стопанисување и експлоатација на рибите по пат на нивно ловење со дозволени риболовни средства, без да се прават интервенции во процесот на растењето и размножувањето на рибата;

35. „**Риболовен прибор**“ се средства со кои се врши рекреативен и спортски риболов;

36. „**Риболовен пункт**“ е место определено за поаѓање и враќање при вршење комерцијален риболов, и продажба на уловената риба и другите водни организми;

37. „**Риболовна зона (ревир)**“ е дел или цело риболовно подрачје на кое може да се врши комерцијален риболов;

38. „**Риболовна опрема**“ е средство со кое се овозможува употреба на риболовен алат и прибор (чамец, пента);

39. „**Риболовни средства**“ се рибарски алат, риболовен прибор и риболовна опрема за вршење риболов;

40. „**Риболовно подрачје**“ е риболовна вода на која има услови за вршење на комерцијален риболов или организирање на рекреативен риболов;

41. „**Селективен риболов**“ е излов на строго дефинирана возрасна категорија од одредени видови риби и други водни организми во одреден временски период;

42. „**Серија (лот)**“ е количина на производи од рибарството и аквакултурата  од одредени видови риби преработени на ист начин кои потекнуваат од исто географско подрачје, од ист рибарски брод или група на рибарски бродови или е произведена кај еден вршител на аквакултура;

43. „**Спортски риболов**“ е организиран лов на риба во рамките на организирани натпревари;

44. „**Спортски риболовец**“ е лице кое поседува спортска легитимација и учествува на организирани натпревари за спортски риболов;

45. „**Улов**“ е вкупната уловена количина на риба при вршење на риболов;

46. „**Чамец**“ е пловен објект изграден од различен материјал чија максимална должина е 15 метри.

**Цел на Законот**

Член 3

Целта на овој закон е да овозможи:

1. Управување со рибите и другите водни организми на начин со кој се постигнува економска и општествена придобивка, зголемен број на вработувања и придонес кон достапноста на снабдувањето со храна;

2. Користење на рибите и другите водни организми по принципот на одржливо користење кој допринесува за зачувување на биодиверзитетот и еколошкиот пристап на риболовните води и

3. Развој на одржливи активности во аквакултурата и промоција на здрава, висококвалитетна храна без негативно влијание на животната средина.

## II. РИБОЛОВНИ ВОДИ И РИБОЛОВ

### Риболовни води

Член 4

(1) Риболовните води се делат на стоечки води и истечни води.

(2) Стоечки води, во смисла на овој закон, се природните и вештачките езера, барите и старите речни корита, независно од нивната поврзаност со истечните води, а истечни води, во смисла на овој закон, се реките, потоците, каналите и други води во кои живеат риби и други водни организми.

(3) Како риболовни води, во смисла на овој закон, не се сметаат:

1. подземните води;
2. водите кои се дел од строга заштита во заштитените подрачја;
3. водите кои се користат за одгледување на риби и други водни организми;
4. заштитени зони за водните тела наменети за консумирање од страна на човекот;
5. водите за кои постојат посебни акти за забрана и
6. водите кои во потполност се наоѓаат на земјиште кое е приватна сопственост.

### Поделба на риболовни подрачја

Член 5

(1) Риболовните подрачја во зависност од начинот на користење на рибите се делат на риболовни зони и рекреативни зони (ревири).

(2) Риболовните зони и рекреативните зони (ревири) се утврдени во Листа на риболовни подрачја, која на предлог на научна институција од членот 77 став (1) од овој закон ја донесува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство (во натамошниот текст: министерот).

### Пристап до риболовните води

Член 6

Рибарите, рекреативните и спортските риболовци, вршителите на аквакултура, изведувачите на риболов за научно - истражувачки цели, мелиоративен и селективен риболов имаат право да пристапат до местото на риболов преку одредени патеки што се наоѓаат на земјиштето покрај риболовната вода, кое не може да се однесува на земјиште кое е во приватна сопственост, како и на земјиште на кое пристапот е забранет или ограничен со посебни прописи.

### Риби и другите водни организми

Член 7

Рибите и другите водни организми кои живеат во риболовните води се добро од општ интерес под посебна заштита и се користат под услови утврдени со овој закон.

### Риболовна основа

Член 8

(1) За секое риболовно подрачје од кое рибите и другите водни организми се даваат на користење, се изработува Риболовна основа за управување и користење на рибите и другите водни организми (во натамошниот текст: Риболовна основа).

(2) Риболовната основа е студија за начинот, активностите и мерките на одржливо користење на рибите и другите водни организми во одредена риболовно подрачје.

(3) Риболовната основа особено содржи:

1. географска карта со основни податоци за риболовното подрачје;

2. видови риби и други водни организми и проценета ихтиомаса;

3. количини на дозволен улов по видови риби;

4. период за природен мрест;

5. вид, количина, големина (тежина и должина) и број на единки на подмладок наменет за порибување, како и период за порибување;

6. потребен број на лица за заштита на риболовните води - рибочувари;

7. прогласени заштитени подрачја кои се дел од риболовната вода со утврдени граници,

8. атрактивни рекреативни зони и ревири;

9. најмала годишна вредност и најмалата вкупна вредност за целиот период на користење на рибите и другите водни организми и

10. други потребни елементи за користење на рибите и другите водни организми.

(4) Риболовната основа може да се изработи за повеќе риболовни подрачја кои се наоѓаат на ист речен слив.

(5) Риболовната основа може да се изменува и дополнува по претходна анализа на предлог на научна инстутуција од членот 77 став (1) од овој закон, во случај на регистрирана зголемена смртност на рибите и другите водни организми од проценетата, драстични промени на водостојот, како и на намената на определените риболовни подрачја.

(6) Риболовната основа ја донесува министерот и се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

**Изработка на Риболовна основа**

Член 9

(1) Риболовната основа ја изработува научна институција од членот 77 став (1) од овој закон, по претходно спроведен Јавен повик, кој го објавува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство (во натамошниот текст: Министерството).

(2) Постапката по објавениот Јавен повик од ставот (1) на овој член ја спроведува Комисија за спроведување постапка за Јавен повик за изработка на Риболовната основа, формирана од министерот, составена од пет члена и нивни заменици од редовите на вработените во Министерството.

(3) Јавниот повик се објавува на веб- страницата на Министерството.

(4) Јавниот повик особено содржи:

1. предмет на јавниот повик;

2. право на учество;

3. висина на надомест за изработка;

4. критериуми за избор и

5. рок за поднесување на понудите.

(5) Понудите кои ќе бидат поднесени по утврдениот рок нема да бидат разгледувани.

(6) Основен критериум за избор на најповолен понудувач е најниската понудена цена за изработка на Риболовната основа.

(7) Врз основа на спроведената постапка од ставот (1) на овој член, на предлог на Комисијата од ставот (2) на овој член, министерот донесува решение за избор на најповолен понудувач и склучува договор.

(8) Против решението од ставот (7) на овој член, подносителот на барањето има право во рок од 15 дена од денот на приемот на решението да поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

**Видови риболов**

Член 10

(1) Риболовот може да биде:

1. комерцијален;
2. рекреативен;
3. спортски;
4. мелиоративен;
5. селективен и
6. за научно-истражувачи цели.

(2) Комерцијалниот риболов се врши на риболовни зони, а рекреативниот риболов на рекреативни зони (ревири).

(3) Спортскиот, мелиоративниот, селективниот и риболовот за научно-истражувачки цели можат да се изведуваат на сите риболовни води.

III. УПРАВУВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА РИБИТЕ И ДРУГИТЕ ВОДНИ ОРГАНИЗМИ

**Управување и користење на риби и други водни организми**

Член 11

(1) Со рибите и другите водни организми од риболовните подрачја како добро од општ интерес во име на Република Северна Македонија управува Министерството, во постапка и под услови утврдени во овој закон.

(2) Со рибите и другите водни организми од риболовните води кои припаѓаат на територијата на прогласените заштитени подрачја, а се наведени во листата од членот 5 од овој закон, управуваат правни лица кои управуваат со прогласените заштитени подрачја во постапка утврдена со овој закон.

(3) Користењето на рибите и другите водни организми од риболовните подрачја претставува нивно планско експлоатирање на одржлив начин и нивна заштита.

(4) Министерството и правните лица кои управуваат со прогласените заштитени подрачја ги доделуваат на користење рибите и другите водни организми од риболовните подрачја за вршење комерцијален и организирање рекреативен риболов на домашни и странски правни лица во постапка утврдена со овој закон.

(5) Во заштитените подрачја кои не се наведени во листата од членот 5 од овој закон, рибите и другите водни организми може да се користат за организирање рекреативен риболов од правните лица кои управуваат со заштитените подрачја без спроведена постапка, а врз основа на склучен договор од членот 28 од овој закон.

(6) Министерството води евиденција на домашните и странските правни лица на кои им се доделени на користење рибите и другите водни организми за вршење комерцијален риболов и организирање на рекреативен риболов (во натамошниот текст: корисниците).

**Надоместок**

Член 12

(1) За користење на рибите и другите водни организми за комерцијален и рекреативен риболов се плаќа надоместок во Буџетот на Република Северна Македонија, определен во договорот за користење.

(2) Надоместокот од ставот (1) на овој член се плаќа најдоцна до 31 декември во тековната година.

**Период на користење**

Член 13

Рибите и другите водни организми се доделуваат на користење за период од 12 години.

**Јавен повик**

Член 14

(1) Рибите и другите водни организми од риболовите подрачја и прогласените заштитени подрачја се доделуваат на користење со објавување на Јавен повик.

(2) Јавниот повик се објавува врз основа на Одлука за распишување на Јавен повик.

(3) Одлуката за распишување на Јавен повик за риболовните подрачја ја донесува министерот, а за заштитените подрачја, одговорното лице во правното лице кое управува со заштитеното подрачје.

(4) Одлуката од ставот (2) на овој член особено содржи:

1. цел;

2. предмет;

3. услови за доделување на користење;

4. начинот и рокот во кој ќе биде спроведена постапката и

5. висината на надоместокот за издавање на тендерската документација.

(5) На риболовните подрачја за кои има склучено договор за користење, следната постапка за доделување на рибите и другите водни организми на користење започнува најдоцна три месеци пред истекот на важноста на склучениот договор за користење на рибите и другите водни организми.

**Комисија за спроведување на постапка**

Член 15

(1) Постапката за доделување на рибите и другите водни организми на користење ја спроведува Комисија за спроведување на постапка за користење на рибите и другите водни организми (во натамошниот текст: Комисијата), формирана од министерот, а за прогласените заштитени подрачја комисија формирана од правното лице кое управува со заштитеното подрачје.

(2) Комисијата формирана од министерот се состои од претседател, заменик претседател и најмалку четири члена и нивни заменици номинирани од органите на државната управа, и тоа:

1. претседател, заменик-претседател, два члена и нивни заменици од Министерството;

2. еден член и негов заменик од Министерството за финансии и

3. еден член и негов заменик од Министерството за животната средина и просторно планирање.

(3) Во работата на Комисијата може да учествуваат надворешни стручни лица, без право на глас.

(4) Член на Комисијата не може да биде лице кое:

1. со понудувачот или кандидатот е во крвно сродство во права линија или во странична линија до четврти степен, во сродство по сватовство до втор степен, е или бил во брачна или вонбрачна заедница, е посвоител или бил посвоен од него;

2. во текот на последните три години било вработено или било член на органите на управување или органите на надзор на понудувачот или кандидатот;

3. е во друг законски однос со понудувачот или со кандидатот и

4. е осудено заради финансиски престап, измама или корупција.

(5) Комисијата на седниците работи во полн состав и одлуките ги донесува со мнозинство гласови.

(6) На претседателот и на членовите на Комисијата им следува паричен надоместок за спроведена постапка во износ од една третина од просечната нето-плата исплатена во претходната година во Република Северна Македонија, според податоците на Државниот завод за статистика, за што министерот донесува решение.

**Работа на Комисијата**

Член 16

(1) Комисијата од членот 15 од овој закон ги врши следниве работи:

1. ја подготвува тендерската документација, вклучувајќи го нацртот на договорот во рокот определен со Одлуката за распишување на Јавен повик за доделување на рибите и другите водни организми на користење;

2. го подготвува Јавниот повик;

3. дава појаснувања и доставува дополнителни информации во врска со тендерската документација;

4. јавно ги отвора пристигнатите понуди;

5. ја утврдува комплетноста на понудите и определува кои понуди имаат право да го продолжат учеството во постапката;

6. врши евалуација на понудите;

7. спроведува електронска аукција;

8. изготвува извештај со предлог за избор или со предлог за поништување на постапката и

9. врши други работи потребни за спроведување на постапката.

(2) Работата на Комисијата завршува со доставување на предлог за избор или предлог за поништување на постапката до министерот, а за заштитените подрачја до одговорното лице на правното лице кое управува со заштитеното подрачје.

**Содржина на јавен повик**

Член 17

(1) Јавниот повик за доделување на рибите и другите водни организми на користење, особено содржи:

1. предмет на Јавниот повик (име, граници и опис на риболовната вода);

2. период за кој се доделува;

3. услови за учество во Јавниот повик;

4. почетна вредност на надоместок за користење на рибите и другите водни организми;

5. рок за поднесување на понуди;

6. адреса на која се доставуваат понудите;

7. надоместок за издавање тендерската документација;

8. критериуми според кои се врши изборот на најповолна понуда и

9. назив и адреса на надлежниот орган за одлучување по жалба и информации за крајни рокови за поднесување на жалби.

(2) Јавниот повик се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб-страницата на Министерството.

(3) Рокот за поднесување на понуди изнесува најмалку 30 дена од денот на објавувањето на јавниот повик за доделување на користење на рибите и другите водни организми во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

(4) Критериум за избор на најповолна понуда е највисокиот понуден надоместок на електронската аукција.

**Тендерска документација**

Член 18

(1) Тендерската документација за доделување на рибите и другите водни организми на користење, особено содржи:

1. назив, адреса, телефонски број и електронска пошта на Министерството, односно правното лице кое управува со заштитеното подрачје;
2. предмет на Јавниот повик (име, граници и опис на риболовната вода);
3. цел на Јавниот повик;
4. инструкции во врска со изработката и поднесувањето на понудата;
5. период за кој се доделуваат рибите и другите водни организми на користење;
6. рок за поднесување на понудите;
7. рок на важност на понудата;
8. адреса на која се доставуваат понудите;
9. видови на гаранции и услови на гаранциите;
10. јазик на кој понудите треба да бидат напишани;
11. услови кои мора да се исполнат од страна на понудувачите и документите со кои се докажува нивното исполнување;
12. критериуми според кои се врши изборот на најповолна понуда;
13. име и адреса на надлежниот орган за решавање по жалби и рокови за поднесување на жалби;
14. почетна висина на надоместок за користење на рибите и другите водни организми и
15. други информации во врска со предметот во согласност со други прописи и стручни правила.

(2) Тендерската документација може да се изменува и дополнува, под услов истите да не се од суштинско значење и да се достапни на заинтересираните учесници најдоцна 15 дена пред истекот на крајниот рок за поднесување на понудите.

(3) Комисијата е должна да одговори на сите дополнителни прашања во врска со тендерската документација поставени од заинтересираните субјекти кои подигнале тендерска документација, доколку тие прашања се поднесени во рок од 14 дена пред истекот на рокот за поднесување на понудите. Комисијата е должна одговорите на поставените прашања да ги достави до сите заинтересирани субјекти што ја подигнале тендерската документација, без да се наведе името на заинтересираниот субјект што го поставил прашањето, но не подоцна од седум дена пред истекот на рокот за поднесување на понудите.

(4) Министерството, односно правното лице кое управува со заштитеното подрачје, од понудувачите може да наплати надоместок за издавање на тендерската документација.

(5) Право да доставуваат понуди имаат правни лица кои ја подигнале тендерската документација.

(6) Понудувачот може да поднесе само една понуда за користење на рибите на определена риболовно подрачје.

(7) Понудата се доставува на начин и во форма утврдени со тендерската документација.

## Банкарски гаранции

Член 19

(1) Понудувачите за учество во постапката за користење на рибите и другите водни организми за комерцијален риболов се должни да обезбедат банкарска гаранција со вредност која треба да изнесува најмалку 0,25% од најмалата вкупна вредност за целиот период на користење на рибите и другите водни организми, утврдена во Риболовната основа.

(2) Понудувачите за учество во постапката за користење на рибите и другите водни организми за рекреативен риболов се должни да обезбедат банкарска гаранција во износ од 30.000,00 денари.

(3) Министерството е должно во рок од седум дена по склучување на договорот за користење на рибите и другите водни организми со најповолниот понудувач, на другите понудувачи кои учествувале во постапката за доделување на користење да им ја врати гаранцијата за учество во постапката. Гаранцијата за учество во постапката на најповолниот понудувач е валидна до склучување на договорот, односно до поднесување на гаранцијата за квалитетно извршување на договорот, ако е така утврдено со тендерската документација. Гаранцијата од ставот (1) на овој член се наплатува во корист на Министерството ако избраниот понудувач ја одбие поканата да склучи договор за користење и не го потпише договорот за користење и доколку ја повлече понудата пред истекот на периодот на нејзината важност.

(4) Избраниот понудувач  во рок од 14 дена од склучување на договорот за користење на рибите и другите водни организми за вршење комерцијален риболов доставува гаранција за квалитетно извршување на договорот во висина од една годишна рата за надомест за користење утврдена во договорот, а за организирање рекреативен риболов доставува гаранција за квалитетно извршување на договорот во износ од 30.000,00 денари.

(5) Избраниот понудувач кој во законскиот рок нема да го склучи договорот или кој во рокот од ставот (4) на овој член нема да достави банкарска гаранција за квалитетно извршување на договорот, покрај наплатата на банкарската гаранција за учество во постапката, е должен на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија да улати надоместок на штета во висина од десеткратен износ од утврениот износ на банкарската гаранција за учество во постапката.

## Право на учество

Член 20

(1) Во постапката за доделување на користење на рибите и другите водни организми за вршење комерцијален риболов може да учествуваат домашни и странски правни лица регистрирани за дејност рибарство или општа клаузула за бизнис со регистрирана подружница во Република Северна Македонија за дејност рибарство, согласно со  Законот за трговските друштва и согласно со Националната класификација на дејности.

(2) Доколку странско правно лице учествува во постапката за доделување на користење на рибите и другите водни организми мора да има регистрирано подружница во Република Северна Македонија со дејност рибарство, согласно со Законот за трговските друштва.

(3) Во постапката за доделување на користење на рибите и другите водни организми за организирање рекреативен риболов,  покрај домашните правни лица од ставот (1) на овој член може да учествуваат и правни лица регистрирани согласно со Законот за здруженија и фондации.

**Услови**

Член 21

Заинтересираните правни лица кои учествуваат на Јавниот повик треба да ги исполнуваат следниве услови:

1. да имаат вработено потребен број лица - рибочувари предвидени во Риболовната основа;
2. да поседуваат или користат простории за вршење на дејноста;
3. да поседуваат или користат најмалку едно моторно возило и/или пловен објект за вршење на контрола и надзор при вршење на контролата;
4. да поседуваат техничка опрема за вршење контрола и надзор при вршење на контролата и
5. да поседуваат или користат минимум опрема потребна за вршење комерцијален риболов (само за вршење комерцијален риболов).

**Почетна висина на надоместок**

Член 22

(1) Најмалата висина на надоместокот за користење на рибите и другите водни организми за комерцијален риболов се определува во Риболовната основа за одделното риболовно подрачје и претставува почетна вредност за учество на Јавниот повик.

(2) Најмалата висина на надоместокот за користење на рибите и другите водни организми за рекреативен риболов изнесува најмалку 10% од надоместокот кој ќе се наплати за вкупно издадените дозволи на годишно ниво и претставува почетна вредност за учество на Јавниот повик.

(3) Најмалата висина на надоместокот за комерцијален риболов се одредува во Риболовната основа врз основа на површината на риболовната вода и проценетата количина на риби и други водни организми кои ја населуваат.

**Јавно отворање**

Член 23

(1) По истекот на рокот за доставување на понуди Комисијата јавно ги отвора понудите во присуство на овластени претставници на понудувачите, на место и во време определено со Јавниот повик и тендерската документација за доделување на користење на рибите и другите водни организми.

(2) На јавното отворање Комисијата ја утврдува само комплетноста на понудите, за што составува записник.

**Евалуација на понуди**

Член 24

(1) Комисијата врши евалуација само на комплетни понуди.

(2) Комисијата ја утврдува сопсобноста на понудувачите врз основа на условите определени во јавниот повик, односно во тендерската документација.

(3) Способноста на понудувачите од ставот (2) на овој член се докажува со следниве документи:

1. потврда дека не е отворена постапка за стечај од надлежен орган;
2. потврда дека не е отворена постапка за ликвидација од надлежен орган;

3. потврда за платени даноци, придонеси и други јавни давачки од надлежен орган;
4. потврда од Регистарот на споредни казни за сторени кривични дела на правните лица дека не му е изречена споредна казна привремена или трајна забрана за вршење на одделна дејност;
5. потврда дека на одговорното лице во правното лице со правосилна пресуда не му е изречена прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност;
6. потврда за регистрирана дејност (ПРД) издадена од Централниот регистар на Република Северна Македонија;
7. тековна состојба на правното лице - понудувач издадена од Централниот регистар на Република Северна Македонија;
8. М1 и М2 образец за вработеното лице/лица, рибочувар/и;
9. доказ за поседување или користење простории за вршење на дејноста;
10. доказ за поседување или користење минимум опрема потребна за вршење комерцијален риболов;
11. доказ за поседување или користење најмалку едно моторно возило и/или пловен објект за вршење на контрола и надзор;
12. докази за поседување техничка опрема за вршење контрола и надзор (двоглед, телефон, камера, дрон и друг вид техничка опрема за потребите на рибочуварската служба) и
13. други потребни документи.

(4) Документите од ставот (3) на овој член треба детално да бидат образложени во тендерската документација.

(5) Врз основа на извршената евалуација, Комисијата изработува листа на понудувачи и ги поканува сите понудувачи кои поднеле прифатливи понуди да учествуваат на електронска аукција како завршна фаза пред доделување на користењето на рибите и другите водни организми.

## Електронска аукција

Член 25

(1) Електронска аукција е повторлив процес на позитивно наддавање кој се реализира по евалуација на понудите, во кој понудувачите кои доставиле прифатливи понуди имаат можност, исклучиво со користење на електронски средства, да ги ревидираат дадените цени, така што рангирањето се врши автоматски со помош на електронски средства.

(2) Министерството управува и оперира со електронскиот систем за електронска аукција за давање на рибите и другите водни организми на користење.

(3) На понудувачите кои доставиле прифатливи понуди им се доставува покана за учество на електронската аукција со корисничко име и шифра, датум и време кога ќе се спроведе аукцијата и упатство за користење на електронскиот систем за електронска аукција.

(4) На понудувачите кои не доставиле комплетна документација или кои доставиле неприфатливи понуди им се доставува известување дека нема да учествуваат на електронската аукција.

(5) На денот на спроведување на електронската аукција понудувачите се регистрираат на интернет-адресата наведена во поканата за учество на електронската аукција.

(6) Електронската аукција нема да се одржи доколку по објавата се пријавил само еден понудувач кој ги исполнува условите дадени во јавниот повик и тендерската документација.

(7) Електронската аукција започнува со објавување на почетната висина на надоместок и се спроведува по пат на наддавање од страна на учесниците. За успешно спроведена постапка на јавно наддавање потребно е да има најмалку едно постапно наддавање над почетната цена, а не може да трае пократко од 15 минути. Почетната цена за наддавање е највисокиот понуден надоместок за користење на рибите и другите водни организми.

(8) Најмалиот чекор за наддавање изнесува најмалку 5% од почетната цена за комерцијален и 1% за рекреативен риболов.

(9) Електронската аукција се смета за завршена во моментот на истекот на времето определено во објавата. Доколку во истекот на последните две минути од определеното време за траење на јавното наддавање од страна на учесниците е неправен чекор за наддавање, крајниот рок за завршување на јавното наддавање се продолжува за уште две минути. Во овој случај, електронската аукција завршува кога за период од следните две минути нема нова дадена понуда или во електронската аукција за рекреативен риболов додека не се достигне понуда од најмногу 100%.

**Извештај за евалуација со предлог за избор**

Член 26

(1) За најповолен понудувач се смета учесникот на електронската аукција кој понудил највисок надоместок за користење на рибите и другите водни организми.

(2) Во случај кога по објавата на Јавниот повик за одредено подрачје се пријавил само еден понудувач кој ги исполнува условите дадени во Јавниот повик и тендерската документација истиот се смета за најповолен понудувач.

(3) Комисијата изготвува писмен извештај за евалуација со предлог за избор на најповолна понуда или со предлог за поништување на постапката, кој се потпишува од страна на претседателот и на членовите на Комисијата или нивните заменици, кој се доставува до министерот, а за заштитените подрачја до управителот на правното лице кое управува со заштитеното подрачје.

**Избор на најповолна понуда**

Член 27

(1) Врз основа на предлогот за избор на најповолна понуда на Комисијата, министерот, а за заштитените подрачја управителот на правното лице кое управува со заштитеното подрачје, одлучува за избор на најповолна понуда со донесување на решение.

(2) Решението за избор на најповолна понуда, особено содржи:

1. предмет на користење, риболовно подрачје и број на одлука за распишување Јавен повик;
2. назив на избраниот понудувач со број и датум  на поднесување на понудата и образложение на причините за избор на најповолен понудувач;
3. времетраење на договорот за користење на рибите и другите водни организми,
4. висина на надоместок;
5. рок за потпишување на договорот;
6. надлежен орган за вршење надзор и
7. правна поука.

(3) Решението за избор на најповолна понуда може да содржи и други податоци во согласност со тендерската документација и поднесената понуда.

(4) Рокот за донесување на решението за избор на најповолна понуда почнува да тече со денот на истекот на рокот за доставување на понуди. Ако во тендерската документација поинаку не е определено, рокот за донесување на решението за избор на најповолна понуда изнесува 30 дена.

(5) Ако министерот, односно управителот на правното лице кое управува со заштитеното подрачје не донесе решение за избор на најповолна понуда во пропишаниот рок, понудувачите имаат право на жалба поради молчење на управата до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

(6) Копија од решението за склучување на договор за користење на рибите и другите водни организми, со копија од записникот од јавното отворање и копија од извештајот за евалуација со предлог за избор на најповолна понуда, се доставува до секој понудувач на начин со кој може да се докаже доставата.

(7) Понудувачите имаат право на жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението од став (6) на овој член, до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

(8) Тужбата за управен спор против акт на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен не го одлага извршувањето на решението за избор на најповолна понуда.

**Договор за користење**

Член 28

(1) Министерот или управителот на правното лице кое управува со заштитеното подрачје со избраниот понудувач склучува договор за користење во рок од 30 дена од конечноста на решението од членот 27 од овој закон согласно Законот за општата управна постапка.

(2) Договорот за користење особено содржи:

1. вовед;
2. договорни страни;
3. предмет на договорот;
4. период за кој договорот е склучен;
5. висина, начинот и динамика на плаќање на надоместок;
6. обврски на корисникот,
7. надзор;
8. виша сила;
9. престанок на договорот;
10. склучување поддоговори;
11. важечко право;
12. јазик на договорот;
13. решавање на споровите што произлегуваат од договорот и
14. влегување во сила на договорот.

(3) Договорот за користење за организирање на рекреативен риболов содржи и одредба за минимален надоместок за користење во износ од 30.000,00 денари на годишно ниво. Минималниот надоместок се плаќа во случај кога надоместокот од продадените дозволи за рекреативен риболов изнесува помалку од 30.000,00 денари.

**Поништување на постапка**

Член 29

(1) Врз основа на предлог на Комисијата, министерот, а за заштитените подрачја управителот на правното лице кое управува со заштитеното подрачје, донесува решение за поништување на постапката во следниве случаи:

1. се дознаат такви околности кои, доколку би биле познати пред започнување на постапката за доделување на рибите и другите водни организми на користење, не би се објавил Јавниот повик, или суштински би се разликувал или

2. нема ниту една пристигната понуда до истекот на рокот за доставување на понуди или

3. нема доставено ниту една прифатлива понуда.

(2) Копија од решението за поништување на постапката, со копија од записникот од јавното отворање и копија од извештајот за евалуација се доставува до секој понудувач, на начин со кој може да се докаже доставата.

(3) Понудувачите имаат право на жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението од ставот (2) на овој член до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

(4) Нова постапка за доделување на користење на риби и други водни организми може да се спроведе откако решението за поништување на постапката за доделување на користење ќе стане конечно согласно со Законот за општата управна постапка.

## Негативна референца

Член 30

(1) Во случај на непотпишување на понудениот договор за користење по избор на правно лице како најповолен понудувач или во случај на раскинување на договорот, во случаите предвидени во членот 31 став (4) од овој закон, министерот донесува Решение за негативна референца и исклучување на правното лице од сите идни постапки за доделување на користење на рибите и другите водни организми во период од три години од денот на донесување на решението. За втора негативна референца периодот на исклучување изнесува пет години, а при трета негативна референца на правното лице му се дава решение за трајно исклучување за учество во понатамошните постапки за доделување на користење на рибите и другите водни организми.

(2) Правните лица кои управуваат со заштитените подрачја го известуваат Министерството за донесените решенија од членот 31 став (7) од овој закон.

(3) Министерството изготвува Листа со негативни референци која се објавува на веб страницата на Министерството.

(4) Забраната за учество во сите идни постапки за доделување на користење на рибите и другите водни организми се однесува на правното лице и на капитално, управувачки и роднински поврзани фирми, како и на основачите на правното лице кое има негативна референца, неговите содружници и членовите на органите на управување, како и поврзаните правни лица и заинтересираната страна согласно одредбите од Законот за трговските друштва.

(5) Министерството го известува правното лице за донесување на решението од став (1) на овој член, против кое правното лице има право на жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

## Измена и престанок на важноста на договорот

Член 31

(1) Договорот за користење може да биде изменет со Анекс на договор, во случај на:

- промена на намената на дел од риболовното подрачје,
- промена на Риболовната основа согласно со членот 8 став (5) од овој закон.

(2) Договорот за користење престанува да важи со истекот на рокот на важење или со негово раскинување.

(3) Договорот за користење се раскинува:

1. еднострано;
2. спогодбено, на барање на договорните страни;

3. во случај на стечај или ликвидација на корисникот и
4. други случаи предвидени со овој закон и со договорот.
(4) Договорот за користење еднострано може да се раскине од страна на Министерството на предлог на Државниот инспекторат за земјоделство, односно од страна на правното лице кое управува со прогласеното заштитено подрачје, за неисполнување на обврските од договорот по однос на:
1. плаќање надоместок;
2. порибување и
3. вршење на заштита на рибите и другите водни организми.
(5) Министерството, односно правното лице кое управува со прогласеното заштитено подрачје, еднострано може да го раскине Договорот за користење, во случај на:
1. промена на намената на риболовното подрачје;
2. привремени ограничувања, прекини или приспособувања на водното право и
3. заштита на природата или изградба на објект или извршување на дејност од јавен интерес.
(6) Во случај на еднострано раскинување на договорот за користење, банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот се наплатува.
(7) Договорот за користење се раскинува со решение на министерот, односно со решение на одговорното лице во правното лице кое управува со прогласеното заштитено подрачје.

**Обврски на корисниците на рибите и другите водни организми**

Член 32

Обврски на корисниците особено се:
1. вршење комерцијален и/или организирање на рекреативен риболов;
2. плаќање надомест за користење на рибите и другите водни организми;
3. обележување на пловни објекти и означување и евидентирање на риболовен алат (за комерцијален риболов);
4. порибување (за рекреативен риболов);
5. заштита на рибите и другите водни организми со вработени рибочувари;
6. издавање легитимации за рибочувари;
7. издавање легитимации за рибари за комерцијален риболов;
8. изведување на задачи и активности при помор на риби;
9. водење на пропишани евиденции и доставување податоци и известувања;
10. овозможување на организирање на спортско-рекреативни настани;
11. изработка на прирачник за права и обврски на рекреативните риболовци (за рекреативен риболов) и
12. вршење други обврски поврзани со користењето на рибите и другите водни организми.

**Извештај**

Член 33

(1) Корисниците изготвуваат Годишен извештај за реализација на обврските и активностите, кој го доставуваат до Министерството и до Државниот инспекторат за земјоделство, најдоцна до 31 јануари наредната година за претходната година.
(2) Годишниот извештај од ставот (1) на овој член особено содржи податоци за:
1. вкупна количина уловена риба по месеци и видови;

2. износ на уплатен надомест за користење на рибите и другите водни организми;
3. број на рибочувари и активности на рибочуварската служба;
4. дополнително преземени мерки и активности за заштита и одржување на популацијата на рибите и другите водни организми.

(3) Корисниците за комерцијален риболов, покрај податоците од ставот (2) на овој член, се должни да доставуват податоци и за бројот на рибари и риболовниот алат и опрема со која се изведува риболовот.

(4) Корисниците за рекреативен риболов, покрај податоците од ставот (2) на овој член, се должни да доставуваат податоци и за:
1. видот, количината, големината и бројот на единки на подмладок со кој е извршено порибување, како и периодот и локацијата на порубување и
2. бројот на продадени дозволи за рекреативен риболов и вкупниот износ на уплатен надоместок.

**Евиденција и доставување податоци**

Член 34

(1) Корисниците се должни да водат евиденција и да доставуваат податоци до Државниот завод за статистика најдоцна, до 31 март во тековната година, за претходната година.

(2) Податоците од евиденцијата до Државниот завод за статистика се доставуваат со пополнување на пропишан статистички образец или со користење на друг метод за прибирање на податоци, определен во Програмата за статистички истражувања.

(3) Корисниците за вршење комерцијален риболов, покрај доставувањето на податоците до Државниот завод за статистика, се должни да доставуваат и податоци за вршењето на комерцијален риболов на дневна основа до Државниот инспекторат за земјоделство во електронска форма, особено за:
1. влез и излез на рибарите во риболовната зона;
2. количина на улов по видови;
3. количина на маломерна риба по видови;
4. број и вид на риболовна опрема и алат,
5. евиденција и документи за продажба на рибата по денови и
6. податоци за рибарот.

(4) Формата и содржината на образецот од ставот (2) на овој член ги пропишува директорот на Државниот завод за статистика.

**Риболов**

Член 35

(1) Корисниците комерцијалниот риболов го вршат преку вработени лица кои поседуваат уверение за положен испит за рибар и на кои им издаваат легитимација за рибар.

(2) Рибарите се должни легитимацијата за рибар да ја носат при секое вршење на риболовот.

(3) Рибарите можат да вршат комерцијален риболов на риболовни зони за кои им е издадена легитимацијата и со дозволен рибарски алат и риболовна опрема пропишани во подзаконскиот акт од членот 37 став (4) од овој закон и впишани во легитимацијата.

(4) Легитимацијата за рибар престанува да важи со престанок на работниот однос на рибарот и со престанок на договорот за користење.

(5) Рибарите се должни да ја вратат легитимацијата за рибар на корисниците во рок од три дена по престанокот на работниот однос и по престанок на договорот за користење.

(6) Формата и содржината на образецот на легитимацијата за рибар од ставот (1) на овој член, како и начинот на нејзиното издавање и одземање, ги пропишува министерот.

**Заштита**

Член 36

(1) Корисниците, физичката заштита на рибите и другите водни организми во риболовните подрачја ја вршат преку вработени лица кои поседуваат уверение за положен испит за рибочувар и на кои им издаваат легитимација за рибочувар.

(2) Рибочуварите се должни легитимацијата за рибочувар да ја носат при вршење на заштитата.

(3) При вршење на заштитата, рибочуварот има право од лицата кои ловат риба, како и од лицата кои се наоѓаат во непосредна близина на риболовното подрачје да:

1. побара легитимација и дозвола за вршење риболов;
2. врши преглед на риболовните средства и уловената риба;
3. побара документ за лична идентификација;
4. врши преглед на средствата со кои риболовецот дошол до риболовното подрачје и
5. ги одземе привремено риболовните средства и уловената риба доколку утврди неправилности.

(4) При утврдување на неправилности, рибочуварот на риболовното подрачје во рок од пет дена поднесува пријава и ги доставува привремено одземените риболовни средства до Државниот инспекторат за земјоделство.

(5) Легитимацијата престанува да важи со престанок на работниот однос на рибочуварот и со престанок на договорот за користење.

(6) Рибочуварите се должни да ја вратат легитимацијата на корисниците во рок од три дена по престанокот на работниот однос и по престанок на договорот за користење.

(7) Формата и содржината на образецот на легитимацијата за рибочувар, начинот на нејзиното издавање и одземање, како и начинот на вршење на заштитата од ставот (1) на овој член, ги пропишува министерот.

**Мерки за заштита на рибите и други водни организми**

Член 37

(1) Риболовот се врши во текот на целата година, освен во времето за забрана во периодот на природен мрест на рибите и другите водни организми.

(2) Комерцијален и рекреативен риболов се врши со дозволени риболовни средства, а уловените риби и други водни организми се со одредена големина и во дозволена количина.

(3) Комерцијален риболов се врши со регистрирани и видливо обележани пловни објекти и означен и евидентиран рибарски алат.

(4) Времето на забрана, дозволените риболовни средства, големината на риби под која не смеат да се ловат, како и начинот на обележување на пловните објекти и означувањето и евидентирањето на рибарскиот алат, ги пропишува министерот.

**Испит**

Член 38

(1) Испити од областа на рибарството се: испит за рибар и испит за рибочувар.

(2) Испитите од ставот (1) на овој член се состојат од два дела и тоа:

1. прв дел (теоретски), со кој се проверува познавањето на одредбите од законската регулатива со одговарање на определен број на прашања со тест и

2. втор дел (практичен), со кој се проверува способноста за препознавање на видовите риби, техниките на риболов и практичната примена на прописите од областа на рибарството и се одговара усно.

(3) Испитите од ставот (1) на овој член се полагаат пред Комисија за полагање на испити од областа на рибарството (во натамошниот текст: Испитната комисија), формирана од министерот.

(4) Испитната комисија е составена од пет члена, од кои три члена од Министерството, еден член од Државниот инспекторот за земјоделство и еден член од научна и/или образовна институција од членот 77 став (1) од овој закон.

(5) Испитната комисија изработува база на прашања за полагање на испитите кои се објавуваат на веб-страницата на Министерството.

(6) За спроведениот испит Испитната комисија води записник.

(7) На претседателот и на членовите на Испитната комисија им следува паричен надоместок за секој спроведен испит во износ од една третина од просечната нето-плата исплатена во претходната година во Република Северна Македонија според податоците на Државниот завод за статистика, за што министерот донесува решение.

(8) За положените испити од ставот (1) на овој член, Министерството издава Уверение за положен испит за рибар и Уверение за положен испит за рибочувар.

(9) Испитите од ставот (1) на овој член се спроведуваат најмалку еднаш годишно, а за терминот на спроведување на испитите навремено се информира јавноста преку веб- страницата на Министерството.

(10) Начинот на спроведување на испитите од ставот (1) на овој член, како и формата и содржината на уверенијата од ставот (8) на овој член, ги пропишува министерот.

**Организирање испит**

Член 39

(1) За полагање на испитите од членот 38 од овој закон кандидатот поднесува барање до Министерството, во писмена или електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредник за административни услуги за електронски пат, во согласност со прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член, а во случај на технички прекин на функционалноста на Националниот портал за електронски услуги, барањето, во форма на електронски документ се доставува преку квалификувана електронска препорачана достава на електронската адреса на надлежното лице од Министерството, во согласност со прописите од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(3) За полагање на испитите од членот 38 од овој закон, кандидатот треба да ги исполнува следниве услови:

1. да е државјанин на Република Северна Македонија;

2. да е полнолетен и

3. да има уплатени средства како надоместок за трошоци за полагање на испитот.

(4) Испитната комисија објавува листа на кандидати кои ги исполнуваат условите за полагање на испитот на веб-страницата на Министерството.

(5) Најмалку осум дена пред одржување на испитот, преку веб-страницата на Министерството, кандидатите се информираат за датумот и за времето на полагање на испитот.

(6) Ако кандидатот заради оправдани причини не може да присуствува на денот на полагањето (болест, породилно отсуство, школување во странство и слично), а за тоа го извести Министерството најмалку три дена пред одржувањето на испитот, има право да полага на следниот термин за полагање на испит.

(7) Надоместокот за трошоците за полагање на испитот ги сноси кандидатот, а средствата се уплаќаат на сметката на сопствени приходи на Министерството.

(8) Висината на надоместокот од ставот (7) на овој член со решение ја определува министерот врз основа на реално направените трошоци за полагање на испитот неопходни за спроведување на првиот и вториот дел на испитот, подготовката на базата на прашања, изготвување на материјали и уверенија за положен испит.

(9) Уверенијата од членот 38 став (8) од овој закон можат да бидат издадени и во форма на електронски документи, кои се доставуваат на профилот на корисникот на Националниот портал за електронски услуги или во Една точка за услуги, согласно со прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

**Легитимација за рекреативен риболов**

Член 40

(1) Рекреативните риболовци треба да поседуваат легитимација за рекреативен риболов.

(2) Легитимацијата од ставот (1) на овој член ја издава Македонската риболовна федерација (во натамошниот текст: Федерацијата), преку риболовните здруженија еднократно, а важноста на легитимацијата се продолжува за секоја наредна година.

(3) Во зависност од реалните трошоци потребни за изработка или продолжување на легитимацијата, Федерација го одредува надоместокот за нејзиното издавање или продолжување.

(4) Остварениот приход на годишно ниво од издавањето или продолжувањето на легитимациите од ставот (1) на овој член е наменет за:

1. корисниците, во висина од 40 % наменети за порибување;
2. Федерацијата во висина од 40%, наменети за контрола на риболовните води и
3. Федерацијата во висина од 20% наменети за надомест на трошоци за издавање и продолжување на легитимацијата.

(5) Формата и содржината на образецот на легитимацијата за рекреативен риболов, како и начинот на нејзиното издавање и продолжување, ги пропишува министерот.

**Дозвола за рекреативен риболов**

Член 41

(1) Рекреативен риболов се врши со дозвола за рекреативен риболов, која се издава на пропишан образец во хартиена или во електронска форма.

(2) Дозволата за рекреативен риболов може да биде:

1. државна, за сите рекреативни зони (ревири) во Република Северна Македонија, со исклучок на атрактивните зони, за период од една година;
2. годишна, за одредена рекреативна зона (ревир);
3. месечна, за одредена рекреативна зона (ревир);
4. тридневна, за одредена рекреативна зона (ревир) или атрактивна зона и

5. дневна, за одредена рекреативна зона (ревир) или атрактивна зона.

(3) Дозволата за рекреативен риболов се издава на лице кое наполнило 15 години и кое поседува легитимација за рекреативен риболов.

(4) Лица помлади од 15 години можат да вршат рекреативен риболов со легитимација за рекреативен риболов и во присуство на полнолетно лице кое поседува дозвола за рекреативен риболов.

(5) По исклучок од ставот (3) на овој член, на странските државјани дозволите од ставот (2) точки 3, 4 и 5 на овој член може да им се издаваат без поседување на легитимација.

(6) Рекреативните риболовци се должни легитимацијата и дозволата за рекреативен риболов да ги носат при вршење на риболовот, редовно да водат евиденција за уловената риба и податоците да ги доставуваат до корисниците, согласно изработениот прирачник за правата и обврските на рекреативните риболовци од членот 32 став (1) точка 11 од овој закон.

(7) Дозволите од ставот (2) на овој член ги издава Министерството, и тоа:

1. на рекреативните риболовци дозволата од ставот (2) точка 1 на овој член и

2. на корисниците, преку Федерацијата, дозволите од ставот (2) точки 2, 3, 4 и 5 на овој член.

(8) Корисниците задолжените дозволи ги продаваат на определени места кои се објавуваат на веб-страницата на Федерацијата.

(9) Формата и содржината на образецот на дозволите и образецот за водење евиденција на продадените дозволи и доставувањето на податоците, како и начинот на издавање на дозволите и потребната документација, ги пропишува министерот.

**Цени на дозволите за рекреативен риболов**

Член 42

(1) За дозволите за рекреативен риболов од членот 41 став (2) од овој закон се утврдува цена и се објавуваат на веб-страницата на Федерацијата.

(2) Цената на дозволата од членот 41 став (2) точка 1 од овој закон со решение на годишно ниво ја утврдува министерот во висина од најмалку една петина од просечната нето- плата исплатена во претходната година во Република Северна Македонија според податоците на Државниот завод за статистика.

(3) Цените на дозволите од членот 41 став (2) точки 2, 3, 4 и 5 од овој закон на годишно ниво ги утврдуваат корисниците најдоцна до 20 декември во претходната за наредната година.

(4) Цените на дозволите за рекреативен риболов за инвалидни лица се во висина од 50% од утврдената цена на дозволите на годишно ниво.

(5) Делот од средствата од продадените дозволи наменет за надоместокот за користење на рибите и другите водни организми утврден во договорот за користење од член 28 од овој закон е приход на Буџетот на Република Северна Македонија.

**Издавање на државна дозвола**

Член 43

(1) За издавање на државна дозвола се поднесува барање до Министерството, во писмена или во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредник за административни услуги за електронски пат, во согласност со прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член, а во случај на технички прекин на функционалноста на Националниот портал за електронски услуги, барањето во форма на електронски документ се доставува преку квалификувана електронска препорачана достава на електронската адреса на надлежното лице од Министерството, во согласност со прописите од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(3) Средствата  за надоместок за издавање на државната дозвола се уплаќаат:

1. 70% во Буџетот на Република Северна Македонија и

2. 30% на сметка на корисниците за рекреативен риболов на подрачјето на општината каде што живее сопственикот на дозволата.

(4) Доколку на подрачјето на општината каде што живее сопственикот на дозволата нема корисник на рибите и другите водни организми за рекреативен риболов, средствата од ставот (1) точка 2 на овој член се уплаќаат во Буџетот на Република Северна Македонија.

(5) Државната дозвола може да биде издадена и во форма на електронски документ, кој се доставува на профилот на корисникот на Националниот портал за електронски услуги или во Една точка за услуги, согласно со прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

**Спортски риболов**

Член 44

(1) Натпревари во спортски риболов организира Федерацијата на сите риболовни води, по претходна согласност од корисниците на водите и/или корисниците.

(2) Спортски риболов може да се врши согласно со правилата за вршење спортски риболов.

(3) Федерацијата е должна до Министерството и до Државниот инспекторат за земјоделство да достави годишен план на одржување на натпреварите, најдоцна до 31 март за тековната година и известување, најдоцна пет дена пред одржувањето на натпреварот за спортски риболов.

(4) Риболовните здруженија на риболовните води можат да организираат риболовни дружења и манифестации во форма на натпревари, по претходно доставено известување до Министерството, Државниот инспекторат за земјоделство и корисникот на рибите и другите водни организми, најдоцна пет дена пред одржувањето на истите.

**Мелиоративен и селективен риболов**

Член 45

(1) Мелиоративен и селективен риболов на риби и други водни организми може да врши домашна научна институција, врз основа на согласност издадена од министерот.

(2) За вршење на мелиоративен, односно селективен риболов, институциите од ставот (1) на овој член доставуваат барање до Министерството во писмена или електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредник за административни услуги за електронски пат во согласност со прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(3) По исклучок од ставот (2) на овој член, а во случај на технички прекин на функционалноста на Националниот портал за електронски услуги, барањето, во форма на електронски документ се доставува преку квалификувана електронска препорачана достава на

електронската адреса на надлежното лице од Министерството, во согласност со прописите од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(4) Барањето од ставот (2) на овој член, особено содржи:

1. риболовна вода и локалитети на кои се изведува риболовот;
2. причина за изведување на мелиоративен или селективен риболов;
3. видови на риби кои ќе се изловуваат;
4. организација, одговорно лице и лица кои ќе го изведуваат риболовот;
5. начин на изведување на риболовот;
6. количини и возрасна група на рибите кои се цел на риболовот;
7. постапка со изловената риба од риболовот;
8. риболовни средства со кои ќе се изведува риболовот и
9. временска рамка и динамика на риболовот.

(5) Риболовот од ставот (1) на овој член, покрај со дозволените средства пропишани во подзаконскиот акт од членот 37 став (4) од овој закон, може да се врши и со риболовни средства кои не се дозволени за другите видови риболов, а се неопходни за изведување на риболовот.

(6) За секое вршење на риболовот од ставот (1) на овој член, вршителот е должен писмено, во рок не пократок од пет дена пред започнување на риболовот, да го извести корисникот на рибите и Државниот инспекторат за земјоделство, како и да поднесе извештај до Министерството за реализираните активности во рок не подолг од 15 дена од завршувањето на риболовот.

(7) Изловената риба и други водни организми од селективен риболов се предава на корисниците на рибите и другите водни организми за што корисниците уплаќаат надоместок во износ од 20% од вредноста на изловот во Буџетот на Република Северна Македонија.

(8) Министерот во рок од 30 дена од денот на поднесување на барањето од ставот (2) на овој член, одлучува по барањето.

(9) Согласноста од ставот (1) на овој член може да биде издадена и во форма на електронски документ кој се доставува на профилот на корисникот на Националниот портал за електронски услуги или во Една точка за услуги, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

**Риболов за научно-истражувачки цели**

Член 46

(1) Риболов за научно-истражувачки цели можат да вршат домашни научни и образовни институции врз основа на согласност издадена од министерот.

(2) За вршење риболов од ставот (1) на овој член, научните и/или образовни институции доставуваат барање до Министерството во писмена или во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредник за административни услуги за електронски пат, во согласност со прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(3) По исклучок од ставот (2) на овој член, а во случај на технички прекин на функционалноста на Националниот портал за електронски услуги, барањето, во форма на електронски документ се доставува преку квалификувана електронска препорачана достава на

електронската адреса на надлежното лице од Министерството, во согласност со прописите од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(4) Барањето од ставот (2) на овој член, особено содржи:

1. риболовна вода и локалитети на кои се изведува риболовот;
2. причина за изведување на риболовот за научно-истражувачки цели;
3. видови на риби кои ќе се изловуваат;
4. институција, одговорно лице и лица кои ќе го изведуваат риболовот;
5. начин на изведување на риболовот;
6. количини и возрасна група на рибите кои се цел на риболовот;
7. постапка со изловената риба од риболовот;
8. риболовни средства со кои ќе се изведува риболовот и
9. временска рамка и динамика на риболовот.

(5) Риболовот од ставот (1) на овој член, покрај со дозволените средства пропишани во подзаконскиот акт од членот 37 став (4) од овој закон, може да се врши и со риболовни средства кои не се дозволени за другите видови риболов, а се неопходни за изведување на риболовот.

(6) За вршење на риболовот од ставот (1) на овој член не се плаќа надоместок.

(7) За секое вршење на риболовот од ставот (1) на овој член, вршителот е должен писмено, во рок не пократок од пет дена пред започнување на риболовот, да го извести корисникот на рибите и Државниот инспекторат за земјоделство.

(8) За извршените активности, како и за резултатите и сознанијата од испитувањата, институциите од ставот (1) на овој член доставуваат извештај до Министерството, најдоцна 30 дена од денот на завршување на планираните активности.

(9) Министерот во рок од 30 дена од денот на поднесување на барањето од ставот (2) на овој член одлучува по барањето.

(10) Согласноста од ставот (1) на овој член може да биде издадена и во форма на електронски документ кој се доставува на профилот на корисникот на Националниот портал за електронски услуги или во Една точка за услуги, согласно со прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

## IV. АКВАКУЛТУРА

### Аквакултура

Член 47

(1) Аквакултура претставува одгледување или култивирање на риби и други водни организми со користење на техники за зголемување на производството надвор од нивното природно живеалиште, каде рибите и другите водни организми остануваат во сопственост на субјектите во целиот процес на одгледувањето, вклучувајќи го и изловот.

(2) Аквакултура може да вршат правни и физички лица запишани во Регистарот на вршители на акавакултура од членот 48 од овој закон.

### Регистар на вршители на аквакултура

Член 48

(1) Во Регистарот на вршители на акавакултура (во натамошниот текст: Регистарот), кој се води во електронска форма, се запишуваат правни и физички лица по претходно издадено решение за запишување во Регистарот.

(2) За добивање на решението од ставот (1) на овој член, правните и физичките лица доставуваат барање до Министерството во писмена или во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредник за административни услуги за електронски пат, во согласност со прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(3) По исклучок од ставот (2) на овој член, а во случај на технички прекин на функционалноста на Националниот портал за електронски услуги, барањето во форма на електронски документ се доставува преку квалификувана електронска препорачана достава на електронската адреса на надлежното лице од Министерството, во согласност со прописите од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(4) Правните и физичките лица за да бидат запишани во Регистарот треба да ги исполнуваат следниве услови:

1. да поседуваат или користат површина/капацитет/објект за аквакултура;
2. да имаат право за користење на водата;
3. да се регистрирани како одгледувачи на животни од аквакултура во информацискиот систем на Агенцијата за храна и ветеринарство и
4. да се регистрирани за дејност аквакултура или општа клаузула за бизнис - за правните лица, односно да се запишани во Единствениот регистар за земјоделски стопанства - за физичките лица.

(5) Доказите за исполнување на условите од ставот (4) точки 2, 3 и 4 на овој член се обезбедуваат по службена должност преку Националната платформа за интероперабилност.

(6) По исклучок од став (5) на овој член, во случај кога е оневозможено обезбедување по службена должност преку Националната платформа за интероперабилност, Министерството ги обезбедува во хартиена форма.

(7) Министерството во рок од 30 дена од денот на поднесување на барањето за запишување во Регистарот, донесува решение за запишување во Регистарот, односно решение за одбивање на барањето.

(8) Против решението од ставот (7) на овој член може да се изјави жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

(9) Субјектите запишани во Регистарот може да достават барање за изменување и/или дополнување на податоците заведени во Регистарот до Министерството во писмена или електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредник за административни услуги за електронски пат, во согласност со прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(10) По исклучок од ставот (9) на овој член, а во случај на технички прекин на функционалноста на Националниот портал за електронски услуги, барањето во форма на електронски документ се доставува преку квалификувана електронска препорачана достава на електронската адреса на надлежното лице од Министерството, во согласност со прописите од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(11) Министерството во рок од 30 дена од денот на поднесување на барањето од ставот (9) на овој член, донесува решение за изменување и/или дополнување на решението за запишување во Регистарот, односно решение за одбивање на барањето.

(12) Против решението од ставот (11) на овој член може да се изјави жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

(13) Формата, содржината и начинот на водење на Регистарот од ставот (1) на овој член, формата и содржината на образецот на барањето од ставот (2) на овој член, како и потребната документација, ги пропишува министерот.

(14) Решенијата од ставовите (7) и (11) на овој член можат да бидат издадени и во форма на електронски документи, кои се доставуваат на профилот на корисникот на Националниот портал за електронски услуги или во Една точка за услуги, согласно со прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(15) Жалбата од ставовите (8) и (12) на овој член може да биде поднесена и во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредник за административни услуги за електронски пат, согласно со прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

**Обврски на одгледувачите**

Член 49

(1) Вршителите на аквакултура се должни:

1. да ги одгледуваат само оние видови риби и други водни организми кои се наведени во решението за запишување во Регистарот;

2. да спречат бегање на риби и други водни организми од објектите за аквакултура;

3. да доставуваат податоци до Државниот завод за статистика најдоцна до 31 март во тековната за претходната година на образец пропишан согласно со утврдената програма од членот 34 став (2) од овој закон;

4. секоја промена во однос на површина, волумен, капацитетот и видовите на риби кои се одгледуваат да ја пријават во Министерството во рок од 10 дена од настанатата промена и

5. да го обележат појасот околу поставените кафези на оддалеченост од 15 метри.

(2) Образецот од ставот (1) точка 3 на овој член го пропишува директорот на Државниот завод за статистика.

**Алохтони и локално неприсутни видови риби и други водни организми во аквакултурата**

Член 50

Увоз и одгледување на алохтони инвазивни и локално неприсутни видови риби и други водни организми, како и порибителен материјал од истите, се врши по претходно исполнување на условите утврдени во прописите од областа на ветеринарното здравство и заштитата на животната средина.

**Бришење од Регистарот**

Член 51

(1) Субјектот се брише од Регистарот со решение на Министерството:

1. на барање на субјектот и

2. по доставено известување од Државниот инспекторат за земјоделство за престанување на исполнување на некој од условите од членот 48 став (4) од овој закон.

(2) Против решението од ставот (1) на овој член може да се изјави жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

**Повеќегодишен национален стратешки план**

Член 52

(1) Повеќегодишниот национален стратешки план за аквакултура (во натамошниот текст: повеќегодишниот план), се изработува заради остварување на целите и приоритетите кои се однесуваат на:

1. подобрување на конкуретноста:
2. одржлив развој и иновации;
3. намалување на административните бариери и ефикасно спроведување на прописите од областа на аквакултурата;
4. поттикнување на економските активности;
5. диверзификација на активностите од областа во насока на подобрување на квалитетот на животот и
6. интегрирање на аквакултурата во Просторниот план.

(2) Повеќегодишниот план е наменет за:

1. административно поедноставување, особено во однос на проценките и студиите за влијанијата и дозволите;
2. обезбедување разумна сигурност за субјектите во врска со пристапот до водите и просторот;
3. утврдување показатели за еколошката, економската и општествената одржливост;
4. оценка на други можни прекугранични влијанија;
5. создавање синергија меѓу националните истражувачки програми и соработка меѓу индустријата и научната заедница;
6. промовирање на конкурентната предност на одржлива, висококвалитетна храна;
7. промовирање на производни практики во аквакултурата и истражување за зајакнување на позитивните и намалување на негативните влијанија врз животната средина и рибите и другите водни организми и зголемување на ефикасноста на ресурсите.

(3) Повеќегодишниот план особено содржи:

1. вовед;
2. моментална состојба во рибарството и аквакултурата;
3. приоритети и цели;
4. активности и временска рамка и
5. извори на финансирање.

(4) Целите и приоритетите од ставот (1) на овој член се користат при изработка на повеќегодишниот план.

(5) Во изработката на повеќегодишниот план може да се вклучат претставници од сите заинтересирани субјекти од областа на рибарството и аквакултурата.

(6) Повеќегодишниот план може да се дополнува, ревидира или повторно да се изработи доколку настанат промени кои имаат големо влијание на предвиденото во планот.

(7) Повеќегодишниот план од ставот (1) на овој член, на предлог на министерот, го донесува Владата на Република Северна Македонија.

## V. ЗАЕДНИЧКО УРЕДУВАЊЕ НА ПАЗАРОТ НА ПРОИЗВОДИТЕ ОД РИБАРСТВО И АКВАКУЛТУРА

**Цели на заедничкото уредување на пазарот**

Член 53

(1) За одделни производи од рибарство и аквакултура се воспоставува Систем за заедничко уредување на пазарот (ЗУП) со цел да:

1. придонесе кон постигнувањето на целите утврдени во членот 3 од овој закон, а особено кон одржливото користење на рибите и другите водни организми;

2. овозможи примена на политиките во рибарството и аквакултурата на соодветно ниво;

3. ја зајакне конкурентноста на производителите во рибарството и аквакултурата;

4. ја подобри транспарентноста и стабилноста на пазарот, овозможи праведна распределба на остварената дополнителна добивка по целиот синџир на снабдување на секторот, подобрено информирање и зголемување на свеста на потрошувачите преку известување и обележување кое обезбедува разбирливи информации;

5. придонесе кон обезбедување на еднакви услови на пазарот за сите производи преку промовирање на одржливо искористување на рибите и другите водни организми;

6. придонесе кон обезбедување на разновидна понуда на производи од рибарство и аквакултура за потрошувачите и

7. обезбеди проверливи и точни информации на потрошувачите за потеклото на производите и за начинот на кој се произведени, особено преку обележување и означување.

(2) Системот за заедничко уредување на пазарот опфаќа:

1. признавање на професионални организации;

2. утврдување на пазарни стандарди;

3. обезбедување на информации за потрошувачите;

4. утврдување на правила за конкурентност и

5. спроведување на активности за истражување на пазарот.

(3) Функционирањето на Системот за заедничко уредување на пазарот се заснова на следниве начела на управување:

1. јасно дефинирање на одговорностите на регионални (меѓудржавни), национални и локални нивоа;

2. земање предвид на регионалните (меѓудржавните) посебности преку заеднички пристап;

3. утврдување мерки во соработка со научни институции;

4. долгорочно планирање;

5. ефикасност на административните трошоците;

6. вклученост на заинтересираните субјекти, а особено на советодавните тела, во сите фази од изработка до спроведувањето на мерките;

7. одговорност на земјата под чие знаме плови рибарскиот брод;

8. усогласеност со останатите политики;

9. проценка на влијание;

10. усогласеност на националната политика со политиките на Европската Унија;

11. транспарентност во управувањето со податоци во согласност со закон, имајќи ја во предвид заштитата на приватниот живот, личните податоци, класифицираните информации; достапност на податоци за соодветните научни тела, други тела со научен или управувачки интерес и други заинтресирани субјекти.

(4) Листата на производи од рибарство и аквакулура за кои се воспоставува Системот за заедничко уредување на пазарот,  ја пропишува министерот.

**Професионални организации**

Член 54

(1) Професионални организации се организации признати од Министерството согласно со овој закон и можат да бидат:

1. организации на производители;
2. здруженија на организации на производители и
3. меѓугранкови организации.

(2) Професионалните организациите од ставот (1) на овој член имаат право на финансиска поддршка согласно со закон.

**Организации на производители**

Член 55

(1) Организациите на производители можат да се основаат на иницијатива на регистрирани вршители на акавакултура во форма на правно лице.

(2) Субјектите од ставот (1) на овој член доставуваат барање до Министерството во писмена или електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредник за административни услуги за електронски пат, во согласност со прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(3) По исклучок од ставот (2) на овој член, а во случај на технички прекин на функционалноста на Националниот портал за електронски услуги, барањето во форма на електронски документ се доставува преку квалификувана електронска препорачана достава на електронската адреса на надлежното лице од Министерството, во согласност со прописите од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(4) Субјектите од ставот (1) на овој член за да бидат признати треба да ги исполнуваат следниве услови:

1. да се регистрирани правни лица во Централниот регистар на Република Северна Македонија како трговски друштва или задруги;
2. да ги почитуваат начелата утврдени во членот 62 од овој закон и правилата за внатрешното функционирање на организациите на поизводители;
3. да се економски активни во периодот од три години пред годината на поднесување на барањето за признавање, особено во однос на бројот на членки или на обемот на производство;
4. да ги исполнуваат целите утврдени во членот 56 од овој закон;
5. да ги почитуваат правилата за конкурентност и да не ја злоупотребуваат доминантната положба на дадениот пазар и
6. да ги обезбедат потребни податоци за нивните членки, управување и извори на финансирање.

(5) Кон барањето од ставот (2) на овој член се приложува следнава документација:

1. статут на организацијата;
2. правила за внатрешно функционирање согласно со членот 62 од овој закон;

3. изјава дека организацијата на производители работи во согласност со член 56 од овој закон;

4. листа на активности што ги спроведува организацијата на производители и производите од аквакултура за кои се бара признавање на организацијата.

(6) Регистриран вршител на аквакултура може да биде член само на една организација на производители.

(7) Министерството во рок од 90 дена од денот на поднесување на барањето од ставот (2) на овој член донесува решение за признавање на организација на производители, односно решение за одбивање на барањето.

(8) Доказот за исполнување на условот од ставот (4) точка 1 на овој член се обезбедува по службена должност преку Националната платформа за интероперабилност.

(9) По исклучок од ставот (8) на овој член, во случај кога е оневозможено обезбедување по службена должност преку Националната платформа за интероперабилност, барателите го доставуваат во хартиена форма.

(10) Против решението од ставот (7) на овој член може да се изјави жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

(11) Формата и содржината на барањето за признавање на организациите на производители од ставот (2) на овој член, како и најмалата потребна економска активност за признавање ги пропишува министерот.

(12) Решението од ставот (7) на овој член може да биде издадено и во форма на електронски документ кој се доставува на профилот на корисникот на Националниот портал за електронски услуги или во Една точка за услуги, согласно со прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(13) Жалбата од ставот (10) на овој член може да биде поднесена и во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредник за административни услуги за електронски пат, согласно со прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

**Цели на организациите на производители**

Член 56

(1) Организациите на производители ги остваруваат следниве цели:

1. промовирање на одржливо производство во аквакултура на нивните членки преку обезбедување можности за нивен развој, целосно усогласен со областа на заштитата на животната средина, истовремено почитувајќи ја социјалната политика;

2. усогласување на активностите на членките со Повеќегодишниот план од членот 52 од овој закон и

3. обезбедување сигурност дека производите од рибарство кои се користат за исхрана во аквакултурата се уловени во согласност со овој закон.

(2) Организациите на производители, покрај целите од ставот (1) на овој член, треба да остваруваат уште најмалку две од следниве цели:

1. подобрување на условите за пласирање на производи од аквакултура во промет;

2. подобрување на економската добивка;

3. стабилизирање на пазарите;

4. придонес кон снабдувањето со храна и промовирање храна со висок квалитет и безбедносни стандарди, истовремено придонесувајќи кон вработувањето во руралните средини и

5. намалување на влијанието на аквакултурата врз животната средина.

**Мерки кои ги спроведуваат организациите на производители**

Член 57

Заради остварување на целите од членот 56 од овој закон, организациите на производители треба да преземаат мерки за:

1. приспособување на производството со барањата на пазарот;

2. насочување на снабдувањето и ставањето во промет на производите од своите членки;

3. промовирање на производите од своите членки на недискриминирачки начин преку користење на сертификати, ознаки за потекло и квалитет, географски ознаки, традиционални специјалитети, како и вредностите кои ги имаат заради нивното одржливо производство;

4. контролирање и преземање мерки за да се осигура дека активностите на своите членки се во согласност со правилата утврдени од организацијата на производители;

5. промовирање на програми за стручна обука и соработка за поттикнување на младите производители;

6. промовирање на употребата на информатичка и комуникациска технологија за подобрување на ставањето во промет и цените на производите од аквакултура;

7. олеснување на пристапот на потрошувачот до информациите за производите од аквакултура;

8. промовирање одржливи активности во аквакултурата, особено за заштитата на животната средина, здравјето и благосостојбата на животните;

9. собирање информации за пласираните производи, вклучително и економски информации и прогнози за продажбата;

10. собирање информации за животната средина;

11. планирање на управувањето со активностите на аквакултура на своите членки и

12. поддршка на програми за експерти за промовирање одржливи производи од аквакултура.

**Здруженија на организации на производители**

Член 58

(1) Здружение на организации на производители може да се основа на иницијатива на признатите организации на производители од членот 55 од овој закон.

(2) Субјектите од ставот (1) на овој член доставуваат барање до Министерството во писмена или електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредник за административни услуги за електронски пат, во согласност со прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(3) По исклучок од ставот (2) на овој член, а во случај на технички прекин на функционалноста на Националниот портал за електронски услуги, барањето во форма на електронски документ се доставува преку квалификувана електронска препорачана достава на

електронската адреса на надлежното лице од Министерството, во согласност со прописите од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(4) Министерството во рок од 90 дена од денот на поднесување на барањето од ставот (2) на овој член донесува решение за признавање на здружение на организации на производители или донесува решение за одбивање на барањето.

(5) Против решението од ставот (4) на овој член може да се изјави жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

(6) Формата и содржината на барањето за признавање на здружение на организациите на производители, ги пропишува министерот.

(7) Решението од ставот (4) на овој член може да биде издадено и во форма на електронски документ, кој се доставува на профилот на корисникот на Националниот портал за електронски услуги или во Една точка за услуги, согласно со прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(8) Жалбата од ставот (5) на овој член може да биде поднесена и во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредник за административни услуги за електронски пат, согласно со прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

**Цели на здруженијата на организации на производители**

Член 59

Здруженијата на организациите на производители ги остваруваат следниве цели:

1. реализирање на поефикасен и поодржлив начин на целите на која било членка на организација на производители утврдени во членот 56 од овој закон;
2. координирање и развивање активности од заеднички интерес за членките на организациите на производители.

**Меѓугранкови организации**

Член 60

(1) Меѓугранкови организации можат да се основаат на иницијатива на субјектите регистрирани за производство, преработката и/или маркетинг на производите од рибарство и аквакултура.

(2) Субјектите од ставот (1) на овој член доставуваат барање до Министерството во писмена или електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредник за административни услуги за електронски пат, во согласност со прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(3) По исклучок од ставот (2) на овој член, а во случај на технички прекин на функционалноста на Националниот портал за електронски услуги, барањето во форма на електронски документ се доставува преку квалификувана електронска препорачана достава на електронската адреса на надлежното лице од Министерството, во согласност со прописите од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(4) Субјектите од ставот (1) на овој член за да бидат признати треба да ги исполнуваат следниве услови:

1. да се регистрирани правни лица во Централниот регистар на Република Северна Македонија како трговски друштва и задруги;

2. да се усогласени со начелата утврдени во членот 62 од овој закон и правилата за внатрешно функционирање;

3. членките да имаат значаен удел во производството и/или преработката и ставањето во промет на производите од аквакултура или нивните преработки;

4. да не се самите вклучени во производство, преработка или ставање во промет на производи од рибарство и аквакултура или нивните преработки;

5. да ги исполнуваат целите утврдени во членот 61 став (1) од овој закон;

6. да ги земаат предвид интересите на потрошувачите и

7. да не го попречуваат правилното функционирање на Системот за заедничко уредување на пазарот и

8. да ги почитуваат правилата за конкурентност и да не ја злоупотребуваат доминантната позиција при ставањето на производи во промет.

(5) Министерството во рок од 90 дена од денот на поднесување на барањето од ставот (2) на овој член донесува решение за признавање на меѓугранкова организација или донесува решение за одбивање на барањето.

(6) Доказот за исполнување на условот од ставот (4) точка 1 на овој член се обезбедува по службена должност преку Националната платформа за интероперабилност.

(7) По исклучок од став (6) на овој член, во случај кога е оневозможено обезбедување по службена должност преку Националната платформа за интероперабилност, барателите го доставуваат во хартиена форма.

(8) Против решението од ставот (5) на овој член може да се изјави жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

(9) Формата и содржината на барањето од ставот (2) на овој член и потребната документација за признавање на меѓугранковите организации, ги пропишува министерот.

(10) Решението од ставот (5) на овој член може да биде издадено и во форма на електронски документ кој се доставува на профилот на корисникот на Националниот портал за електронски услуги или во Една точка за услуги, согласно со прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(11) Жалбата од ставот (8) на овој член може да биде поднесена и во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредник за административни услуги за електронски пат, согласно со прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

**Цели и мерки на меѓугранковите организации**

Член 61

(1) Цели на меѓугранковите организации се: унапредување на координацијата и условите за достапност на производите од аквакултура на пазарот.

(2) Заради остварување на целите од ставот (1) на овој член, меѓугранковите организации преземаат мерки за:

1. изготвување стандардни договори;

2. промовирање на производите од аквакултура на недискриминирачки начин, преку користење сертификати, ознаки за потекло и квалитет, географско потекло, гарантирани традиционални специјалитети, како и на вредностите кои ги имаат производите поради одржливиот начин на производство;

3. утврдување построги правила за производство и ставање во промет на производи од аквакултура од утврдените со овој закон;

4. подобрување на квалитетот, знаењето и транспарентноста во производството и во промет на производите, реализирање професионални и стручни обуки за прашања поврзани со квалитетот, следливоста и безбедноста на храната и поттикнување истражувачки иницијативи;

5. спроведување истражувачки студии за пазарот и развивање техники за постигнување најдобри резултати од работењето на пазарот со употреба на информатичка и комуникациска технологија, како  и собирање на социоекономски податоци;

6. обезбедување информации и спроведување истражувања потребни за одржливо снабдување во количина, квалитет и цена кои одговараат на потребите на пазарот и очекувањата на потрошувачите;

7. промовирање меѓу потрошувачите на риби кои имаат значителна хранлива вредност и кои не се консумираат во големи количини и

8. контролирање и обезбедување на усогласеност на активностите на членките со правилата на меѓугранковата организација.

**Внатрешно функционирање на организациите на производители и меѓугранковите организации**

Член 62

(1) Внатрешното функционирање на организациите на производители и меѓугранковите организации се заснова на следниве начела:

1. почитување од страна на членките на правилата на организацијата во врска со користењето, производството и ставањето во промет на производите од рибарство и аквакултура;

2. недискриминација меѓу членките на организациите, особено врз основа на национална припадност или местото на основање;

3. утврдување на финансиско учество на членките  за финансирање на организацијата;

4. демократско функционирање, кое им овозможува на членките контрола на управувањето на организацијата и донесените одлуки;

5. утврдување на одговорност и казни за прекршување на обврските согласно внатрешните правила на организацијата, особено во случај на неплаќање на финансиските обврски;

6. утврдување на правила за прием на нови членки и одземање на членството и

7. дефинирање на сметководствени и буџетски правила, неопходни за управување со организацијата.

(2) Организациите на производители и меѓугранковите организации изработуваат статут и правила за нивно внатрешно функционирање.

(3) Содржината на статутот и правилата за внатрешното функционирање на организациите од ставот (1) на овој член, ги пропишува министерот.

## Проширување на правилата на организациите на производители

Член 63

(1) Правилата на организациите на производители за спроведување на мерките од членот 57 од овој закон може да се применуваат и за производителите кои не се членки на организацијата, а кои ставаат во промет производи од областа за која организацијата е репрезентативна, во случај кога:

1. организацијата на производители е призната, работи најмалку една година и е репрезентативна во производство и маркетинг;

2. правилата се однесуваат на некоја од мерките за организациите на производители утврдени во членот 57 од овој закон и

3. организацијата на производители ги почитува правилата за пазарна конкуренција.

(2) Организацијата на производители е репрезентативна кога нејзиниот удел изнесува најмалку 40 % од количините на продадените релевантни производи во текот на претходната година во областа во која организацијата е репрезентативна.

(3) Министерот донесува одлука за проширување на правилата на производителите кои не се членки на организацијата на производители во времетраење од два до 12 месеци.

(4) Правилата на организациите на производители од ставот (1) на овој член и начинот на нивно проширување на производителите кои не се членки на организациите на производители, ги пропишува министерот.

## Проширување на правилата на меѓугранковите организации

Член 64

(1) Одредени договори, одлуки или воспоставена практика во меѓугранковата организација за спроведување на мерките од членот 61 од овој закон можат да се применуваат во одредена област или области на други субјекти кои не се членки на меѓугранковата организација, под услов:

1. меѓугранковата организација да опфаќа најмалку 65 % од секоја од најмалку две од следниве активности: производство, преработка или ставање во промет на релевантен производ во текот на претходната година во областа или во областите и

2. правилата се однесуваат на мерките утврдени во членот 61 став (2) од овој закон и да не им предизвикуваат штета на другите субјекти.

(2) Министерот донесува одлука за проширување на правилата на меѓугранковите организации за период од најмногу три години, со можност за продолжување.

(3) Начинот на проширување на правилата на меѓугранковите организации ги пропишува министерот.

## План за производство и маркетинг

Член 65

(1) Организацијата на производители за исполнување на целите од членовите 53 и 56 од овој закон, до Министерството доставува план за производство и маркетинг на одобрување.

(2) Планот од ставот (1) на овој член особено содржи:

1. вид на производите од рибарство и аквакултура:

2. програма за производство;

3. стратегија за маркетинг за постигнување на количината, квалитетот и претставување на количинте за задоволување на потребите на пазарот;

4. мерки кои ќе се преземат за постигнување на целите од членот 56 од овој закон;

5. посебни мерки за приспособување на снабдувањето со видови, коишто обично во текот на годината претставуваат проблем на пазарот и

6. казни што се применуваат на членките коишто ги прекршуваат одлуките донесени за спроведување на планот од ставот (1) на овој член.

(3) Планот од ставот (1) на овој член првпат се доставува во рок од осум недели од денот на приемот на Решението за признавање на организацијата на производители, а секој нареден план се поднесува осум недели пред истекот на важечкиот план.

(4) Планот од ставот (1) на овој член може да биде донесен за период од една до три години, од страна на организацијата на производители, што мора да биде назначено во планот.

(5) Организацијата на производители може да го измени планот од ставот (1) на овој член и да го достави на одобрување до Министерството еднаш во текот на неговото спроведување. Министерството го одобрува планот во рок од 30 дена од денот на неговиот прием.

(6) Доколку Министерството оцени дека планот од ставот (1) на овој член поднесен од организација на производители има за цел да ги постигне целите од членот 53 и членот 56 од овој закон, ќе го одобри тој план во рок од 45 дена од денот на неговиот прием и веднаш ја известува организацијата на производители.

(7) Доколку Министерството оцени дека доставениот план од ставот (1) на овој член не може да ги постигне целите од членот 56 од овој закон или не е доволно јасно како ќе се постигне или кои мерки ќе придонесат за постигнување на која цел или индикаторите не се јасни, ќе ја извести организацијата на производители во рок од 45 дена од денот на приемот на планот, а организацијата на производители е должна во рок од 15 дена од денот на приемот на известувањето да достави изменет план, кој Министерството го одобрува во рок од 30 дена по приемот.

(8) Доколку Министерството не го одобри или го одбие планот за производство и маркетинг од ставовите (3), (5), (6) и (7) на овој член во рок од шест недели од денот на неговиот прием, планот ќе се смета за одобрен.

(9) Формата и содржината на планот за производство и маркетинг од ставот (1) на овој член, како и случаите во кои има можност да се измени планот за производство и маркетинг, ги пропишува министерот.

**Годишен извештај**

Член 66

(1) Организациите на производители доставуваат годишен извештај за спроведените активности во врска со спроведувањето на планот за производство и маркетинг на одобрување до Министерството до 31 март во тековната, за претходната година.

(2) Министерството може да побара дополнување на годишниот извештај од ставот (1) на овој член во случај на некомплетност, како и дополнително објаснување, толкување или корекција на извештајот, што организацијата на производители мора да го достави во рок од четири недели од денот на приемот на известувањето.

(3) Министерството го одобрува годишниот извештај во рок од четири недели од денот на неговиот прием.

(4) Годишниот извештај нема да биде одобрен од Министерството доколку организацијата на производители не го достави годишниот извештај од ставот (1) на овој член или дополнувањето на годишниот извештај од ставот (2) на овој член во предвидените рокови.

(5) Доколку Министерството не го одобри или го одбие годишниот извештај од ставот (1) на овој член во рок од четири недели од денот на неговиот прием, извештајот ќе се смета за одобрен.

(6) Формата и содржината на годишниот извештај од ставот (1) на овој член ги пропишува министерот.

**Контрола и одземање на признавањето**

Член 67

(1) Државниот инспекторат за земјоделство врши контрола на лице место заради проверка на целокупната документација на организациите на производители и меѓугранковите организации поврзана со исполнување на условите за признавање и спроведување на планот за производство и маркетинг.

(2) Министерството врши проверка на организациите на производители и меѓугранковите организации заради нивно признавање и ја следи нивната работа.

(3) Врз основа на утврдени неправилности при контролата и проверката од ставовите (1) и (2) на овој член, Министерството донесува решение за одземање на признавањето на организациите на производители и меѓугранковите организации во рок од 90 дена од извршената контрола во следниве случаи:

1. непочитување на принципите на внатрешно функционирање:
2. недоволна економска активност;
3. престанок на постоење на правниот субјект и
4. непочитување на правилата за пазарна конкуренција и/или злоупотреба на доминантна позиција.

(4) Организациите на производители и меѓугранковите организации се должни да не го попречуваат спроведувањето на контролата на лице место и да ги обезбедат потребните податоци и документација.

(5) Министерството донесува решение за одземање на признавањето на професионална организација во случаите кога организацијата:

1. не исполнува еден од условите за признавање согласно со овој закон;
2. не ги исполнува целите утврдени во членот 56 став (1) од овој закон;
3. не исполнува најмалку две од целите утврдени во членот 56 став (2) од овој закон;
4. не го спроведува планот за производство и маркетинг повеќе од две години од датумот на неговото одобрување или се констатирани неправилности во спроведувањето на планот за производство и маркетинг;
5. извршила измама во врска со доделување грантови или финансиска поддршка.

(6) Во случај на намера за одземање на признавањето, Министерството писмено ја известува професионалната организација, наведувајќи ги причините за одземањето.

(7) Професионалната организација може да даде објаснувања и коментари до Министерството во рок од 60 дена од приемот на известувањето од ставот (6) на овој член.

(8) Против решението од ставот (5) на овој член може да се изјави жалба до Државната комисија за одлуки во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

(9) Начинот на вршење на контролата и проверката од ставовите (1) и (2) на овој член, го пропишува министерот.

**Регистар**

Член 68

(1) Министерството води Регистар на професионалните организации од членот 54 од овој закон во електронска форма.

(2) По издавање на решението за признавање, организациите се запишуваат во Регистарот од став (1) на овој член.

(3) Формата и содржината на Регистарот на професионални организации, како и начинот на неговото водење ги пропишува министерот.

**Бришење од Регистар**

Член 69

Субјектите се бришат од Регистарот од член 68 од овој закон:

1. на барање на субјектот;
2. во случај на донесено решение за одземање на признавањето на професионалната организација и
3. во случај на ликвидација или отворена стечајна постапка.

**Пазарни стандарди**

Член 70

(1) Производите од рибарство и аквакултура наменети за директна потрошувачка може да се ставаат во промет само доколку исполнуваат пазарни стандарди.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член, производите од рибарство и аквакултура што не ги исполнуваат пазарните стандарди се ставаат во промет само за производство на рибино брашно, рибино масло, храна за миленичиња, адитиви за храна, фармацевтски производи или козметички цели.

(3) Пазарните стандарди од ставот (1) на овој член, како и производите од рибарство и аквакултура на кои се однесуваат пазарните стандарди, ги пропишува министерот.

**Задолжителни податоци за информирање на потрошувачите**

Член 71

(1) Производите од рибарство и аквакултура, вклучувајќи ги и мешаните производи, кои се ставаат во промет до крајниот потрошувач, покрај информациите уредени во прописите од областа на ветеринарното здравство, без оглед на нивното потекло и начинот на ставање во промет, треба да содржат задолжителни податоци за информирање на потрошувачите.

(2) Податоците од ставот (1) на овој член не се однесуваат на мали количини на производи од рибарство и аквакултура што се продаваат директно на крајните потрошувачи, чија вредност не надминува 50 евра во денарска противвредност дневно.

(3) Производите од рибарство и аквакултура на кои се однесуваат задолжителните податоци за информирање на потрошувачите од ставот (1) на овој член, како и содржината и начинот на информирањето, ги пропишува министерот.

**Дополнителни доброволни податоци за информирање на потрошувачите**

Член 72

(1) Покрај задолжителните податоци од членот 71 од овој закон, производите од рибарство и аквакултура кои се ставаат во промет можат да содржат и дополнителни доброволни податоци за информирање на потрошувачите.

(2) Дополнителните податоци за информирање на потрошувачите треба да бидат јасни и незбунувачки и не смеат да се ставаат на ознаката или на местото наменето за задолжителни податоци.

(3) На производите од рибарство и аквакултура можат да се ставаат само дополнителни доброволни податоци за производи од рибарство и аквакултура кои можат да се проверат.

(4) Дополнителните доброволни податоци за информирање на потрошувачите од ставот (1) на овој член, како и формата и начинот на информирањето, ги пропишува министерот.

**Листа на трговски називи**

Член 73

(1) Рибите и другите водни организми кои се ставаат во промет се утврдени во Листа на трговски називи.

(2) Во Листата на трговски називи се наведува научното име на видовите риби, трговското име и други локални називи, доколку постојат.

(3) Листата на трговски називи од ставот (1) на овој член ја пропишува министерот.

**Промет и следливост**

Член 74

(1) Сите серии на производи од рибарство и производи од аквакултура треба да бидат следливи во сите фази на производство, преработка и дистрибуција од излов до малопродажба согласно со одредбите на овој закон и согласно прописите од областа на ветеринарното здравство.

(2) Субјектот кој произведува, преработува, пакува или препакува производи од рибарство и аквакултура, е должен да ја означи секоја серија (лот) и да издава правилно и точно пополнет доказ за потеклото при ставање во промет на производи од рибарство и аквакултура на територијата на Република Северна Македонија, освен за количини до 10 килограми дневно, наменети за крајните потрошувачи.

(3) Сериите на производите од рибарство и производите од аквакултура можат по првото ставање во промет да се здружат или разделат единствено ако можат да се следат до нивниот излов.

(4) Субјектите од сите фази на производство, преработка и дистрибуција од излов до малопродажба за производите од рибарство и аквакултура, треба да поседуваат документација со податоци и информации кои се потребни за следливост.

(5) Податоците наведени во потребната документација по однос на видовите и количината на производите од рибарство и аквакултура при дистрибуцијата (транспортот) треба да соодветствуваат со видовите и количината која се дистрибуира.

(6) Субјектите, од сите фази на производство, преработка и дистрибуција од излов до малопродажба за производите од рибарство и аквакултура, документацијата од ставот (4) на овој член, како и доказот за потекло, ги чуваат во период од четири години.

(7) Заради детален надзор на следливоста при вршењето на контролите се пополнуваат и контролни листи, кои се пропратен дел на записниците.

(8) Начинот на означувањето на производите од рибарство и аквакултура, содржината на серијата (лотот), формата, содржината и начинот на правилно издавање на доказот за потекло, како и потребните податоци и информации за следливост, ги пропишува министерот.

**Увоз на производи од рибарство и аквакултура**

Член 75

(1) Заради спречување, задржување и елиминирање на нелегален, непријавен и нерегулиран риболов, производите од рибарство уловени во море можат да се увезат и да се транспортираат од граница до првиот одобрен објект ако, покрај потребните документи од областа на ветеринарното здравство се придружени со соодветен сертификат за улов потврден од надлежно тело од земјата под чие знаме плови рибарскиот брод.

(2) Доколку увезените производи од рибарство се извезуваат, потребно е да бидат придружени со сертификат за реизвоз.

(3) Доколку производите од рибарство се употребени за преработки, треба да бидат придружени со изјава за преработка.

(4) Увезените производи од аквакултура заради нивна следливост потребно е да бидат придружени со здравствен сертификат до првиот одобрен објекет, согласно со прописите од областа на ветеринарно здравство.

(5) За издадените сертификати од ставовите (1) и (2) на овој член се води евиденција.

(6) Начинот на контрола при увоз и транспорт на производите од рибарство уловени во море, забранетите видови и најмалата големина на производите од рибарство уловени во море при нивниот увоз, формата, содржината, начинот на издавање, како и начинот на водење на евиденцијата за сертификатите од ставовите (1) и (2) на овој член, формата, содржината и начинот на издавање на изјавата од ставот (3) на овој член, како и производите од рибарство за кои не е потребно поседување на сертификати и изјава, ги пропишува министерот.

VI. НАДЛЕЖНИ ОРГАНИ

**Надлежен орган**

Член 76

(1) Надлежен орган за спроведување на одредбите од овој закон и на прописите донесени врз основа на овој закон, е Министерството.

(2) Надлежен орган за спроведување на одредбите за пазарните стандарди, информирање на потрошувачите, следливост и промет и увоз на производи од рибарство и аквакултура од членовите 70, 71, 72, 74 и 75 од овој закон, е Агенцијата за храна и ветеринарство.

(3) Надлежен орган за собирање на податоците од членот 34 став (2), членот 49 став (1) точка 3 и членот 94 точка 3 од овој закон е Државниот завод за статистика.

(4) Надлежен орган за спроведување на царинската постапка за производите од рибарство и аквакултура од членот 75 од овој закон, е Министерството за финансии – Царинската управа.

(5) Надлежен орган за спроведување на одредбите за одгледување на алохтони и локално неприсутни видови на риби и други водни организми од членовите 50 и 81 став (2) од овој закон, е Министерството за животна средина и просторно планирање.

## Научна и стручна поддршка

Член 77

(1) Научна и стручна поддршка во областа на рибарството и аквакултурата како јавно овластување, можат да вршат научни и/или образовни институции, кои:

1. имаат вработено најмалку две лица со VIII степен од областа на природните и/или биотехничките науки со референци од областа на рибарството и

2. поседуваат лаборатори и за соодветни анализи, риболовен алат и опрема за теренски истражувања.

(2) Научната и стручната поддршка во областа на рибарството и аквакултурата опфаќа:

1. следење на состојбите во рибарството и аквакултурата;

2. изработка на риболовни основи;

3. изработка на стручни студии и процени на состојбата со рибите и другите водни организми;

4. предлагање мерки за заштита и унапредување на риболовот;

5. истражувања;

6. давање мислење за внесување и одгледување на алохтони и локално неприсутни видови риби;

7. порибување на риболовни води и

8. други работи од областа на рибарството, на барање на Министерството.

(3) За научната и стручната поддршка од ставот (2) на овој член поврзана со одредбите од овој закон Министерството распишува Јавен повик кој се спроведува согласно со членот 9 од овој закон.

## Поддршка во рекреативниот и спортскиот риболов

Член 78

(1) Поддршка во организирање на рекреативниот и спортскиот риболов врши Федерацијата, преку следниве активности:

1. организира натпревари во спортски риболов;

2. изработува календар на спортски натпревари, манифестации и сл.;

3. одобрува натпревари во спортски риболов;

4. издава спортска легитимација;

5. издава легитимација за рекреативен риболов;

6. задолжува, распределува и раздолжува дозволи за рекреативен риболов;

7. врши контрола и заштита на риболовните подрачја кои не се доделени на користење и

8. спроведува семинари, курсеви, обуки.

(2) Членови на Федерацијата можат да бидат: спортски и/или рекреативни друштва и клубови како и други правни лица корисници на рибите и другите водни организми.

(3) Федерацијата доставува извештај за реализација на активностите од ставот (1) на овој член со листа на распределба на финансиските средства од членот 40 став (4) од овој закон, најдоцна до 31 јануари во тековната за претходната година до Државниот инспекторат за земјоделство.

## VII. ЗАШТИТА НА РИБИ И ДРУГИ ВОДНИ ОРГАНИЗМИ

### План за управување со јагула

Член 79

(1) Заради воспоставување на рамка за заштита и одржливо искористување на јагулата на територија на Република Северна Македонија се одредуваат и се дефинираат оделни речни сливови како природни живеалишта на јагулата.

(2) За сливовите од ставот (1) на овој член, се изработува План за управување со јагула, со цел намалување на смртноста на јагулата предизвикана од човековото влијание.

(3) За сливовите од ставот (1) на овој член, кои се протегаат низ територии на повеќе држави, се изработува заеднички План за управување со јагула од определеното сливно подрачје.

(4) Планот за управување со јагула од ставовите (2) и (3) на овој член, особено содржи:

1. податоци за речниот слив;
2. анализа на моменталната состојба на популацијата на јагулата;
3. цели на планот;
4. мерки за постигнување, пратење и проверка на остварените цели и
5. извори на финансирање.

(5) Мерките од ставот (4) точка 4 на овој член може да се однесуваат на:

1. намалување на комерцијалниот риболов;
2. ограничување на рекреативниот риболов;
3. порибување;
4. одржување на речните текови и речните живеалишта поврзани со други мерки за заштита на животната средина;
5. пренос на јагулата од копнени во морски води;
6. привремено ограничување на работата на турбините;
7. аквакултурата и
8. мерки за сузбивање на грабливци.

(6) Планот за управување со јагула од ставовите (2) и (3) на овој член, на предлог на министерот, го донесува Владата на Република Северна Македонија.

### Заштита на риби кои не се доделени на користење

Член 80

(1) Заштитата на рибите од риболовните подрачја кои не се доделени на користење на рибите и другите водни организми ја врши Државниот инспекторат за земјоделство.

(2) Заштитата на рибите од риболовните подрачја кои не се доделени на користење за рекреативен риболов, покрај Државниот инспекторат за земјоделство, ја врши и Федерацијата преку рибочуварска служба со вработени рибочувари со положен испит за рибочувар.

(3) Рибите и другите водни организми од риболовните подрачја кои не се доделени на користење, на предлог на министерот, Владата на Република Северна Македонија со одлука може да ги даде на Федерацијата од ставот (2) на овој член заради заштита, сѐ до нивно доделување на користење.

**Внесување на риби и други водни организами во риболовни води**

Член 81

(1) Внесување на риби и/или порибителен материјал од едно риболовно подрачје во друго може да се врши доколку е утврдено во Риболовната основа.

(2) Реинтродукција на автохтони видови и/или порибителен материјал во риболовните подрачја води може да се врши со дозвола издадена од Министерството за животна средина и просторно планирање.

**Превентивна мерка за заштита**

Член 82

(1) Корисниците на доводните, турбинските и други канали се должни да изградат и да одржуваат направи и инсталации за спречување и влегување на рибите во тие канали.

(2) Сите хидротехнички објекти кои го оневозможуваат нормалното движење на рибите во риболовните води, посебно при миграциите за размножување, треба да имаат инсталирано рибни патеки, превојници или водни лифтови, со што ќе се овозможи нивно непречено движење.

(3) Корисниците на хидротехничките објекти кои го попречуваат нормалното движење на рибите и другите водни организми во риболовните води за предизвиканата штета плаќаат надоместок за штета или обезбедуваат порибителен материјал за порибување на риболовната вода во висина на надоместокот за направената штета.

(4) Висината на надоместокот од ставот (3) на овој член се пресметува врз основа на ценовникот за оштета од членот 87 од овој закон.

**Забрани**

Член 83

При вршење риболов, увоз и ставање во промет на производи од рибарство и аквакултура, забрането е:

1. вршење на  риболов на риболовно подрачје на кое нема корисник на рибите и другите водни организми;
2. вршење на риболов во прогласени заштитени подрачја;
3. вршење и/или помагање на нелегален, непријавен и нерегулиран риболов, работење, управување или сопственост на рибарски брод вклучен во нелегален, непријавен и нерегулиран риболов;
4. продажба на риба и други водни организми од рекреативен риболов,
5. ставање во промет на свежа риба и други водни организми од комерцијален риболов после 24 часа од време на утврдениот период за забрана за риболов на одредениот вид на риба, освен на свежа риба и други водни организми од увоз;
6. ставање во промет на производи од рибарство и аквакултура од недозволени видови и под утврдената големина;
7. увоз на производи од рибарство уловени во море кои потекнуваат од нелегален, непријавен и нерегулиран риболов;
8. увоз на производи од рибарство уловени во море без соодветна и точно пополнета документација;
9. увоз на производи од рибарство уловени во море од земји кои не соработуваат во борбата против нелегален, непријавен и нерегулиран риболов;

10. ставање во промет на риби и други водни организми надвор од местата утврдени за продажба;

11. ловење на риби и другите водни организми, како и вршење на други активности кои можат да го попречат и отежнат одгледувањето на рибите и другите водни организми на оддаленост помала од 15 метри околу кафезите;

12. ловење на риби и други водни организми со насилно закачување со риболовен прибор, со трокуки, со мрежичка на трска, со преградување, исцрпување и пренасочување на риболовната вода, со поставување на направи на пропусти, канали, брани и други постројки;

13. внесување на алохтони инвазивни видови риби и други водни организми и/или нивни порибителен материјал, како и реинтродукција на автохтони видови и/или порибителен материјал во риболовните води без издадена дозвола од Министерството за животна средина и просторно планирање;

14. движење или задржување во непосредна близина на риболовните води со носење експлозив, огнено оружје, хемиски средства и мрежа или други забранети риболовни средства;

15. нагло ненајавено испуштање на водата од стоечките води од страна на корисниците на водата;

16. ловење на риби и други водни организми во обележаниот појас на кафезите;

17. вршење комерцијален риболов надвор од границите на риболовната зона;

18. попречување на поставување, оштетување и преместување на поставените ознаки на риболовните води;

19. транспорт на риба и други водни организми од рекреативен риболов во дозволена количина и големина без поседување на дозвола за рекреативен риболов и

20. издавање на дозволи за рекреативен риболов на рекреативни зони на кои нема корисник.

**Ограничувања**

Член 84

(1) Заради заштита на рибите и другите водни организми на предлог на научна институција од членот 77 став (1) од овој закон, врз основа на утврдена состојба на риболовното подрачје, министерот може да:

1. забрани риболов на одредено риболовно подрачје во определен временски период;

2. ограничи или забрани употреба на одредени риболовни средства за одделни видови риба и

3. го промени или продолжи периодот за забрана за вршење риболов за време на природниот мрест на рибите на одделни риболовни подрачја.

(2) Во Охридското, Преспанското и во Дојранското Езеро не се врши аквакултура.

(3) Во сливовите на езерата од ставот (2) на овој член не се врши аквакултура на алохтони и локално неприсутни видови, освен во затворен рециклирачки систем на одгледување.

VIII. ПОМОР НА РИБИ, НАДОМЕСТОК НА ШТЕТА И ПРАВО НА ОТШТЕТА

**Помор на риби**

Член 85

(1) Поморот на рибите и другите водни организми од риболовните води може да биде последица од природна, еколошка или друга несреќа или кривично дело, како и последица од заразни болести.

(2) Помор на риби и други водни организми во риболовните води може да биде предизвикан од труење, загадување, односно прекумерно заматување на риболовните води, попречување на нивното нормално движење, како и од незаконско посегање по рибите.

(3) Помор на риби и другите водни организми кај вршителите на аквакултура може да биде предизвикан од загадување, труење, елеметарни непогоди и од ненадеен зголемен водостој на риболовните води.

(4) Корисниците на рибите  и другите водни организми и вршителите на аквакултура, по забележување на поморот, го известуваат Министерството за животна средина и просторно планирање и научната институција од членот 77 став (1) од овој закон.

**Надоместок на штета**

Член 86

(1) Корисниците на рибите  и другите водни организми и вршителите на аквакултура имаат право на надоместок во случај на штета.

(2) Во случај на направена штета на рибите и другите водни организми од познат сторител, штетата ја надоместува сторителот на штетата.

(3) Во случај на предизвикана штета на рибите и другите водни организми од елеметарни непогоди и од ненадеен зголемен водостој на риболовните води штетата може да се надомести согласно со закон.

(4) Корисникот на рибите  и другите водни организми е должен средствата од надоместокот на штетата да ги намени за порибување.

**Право на отштета**

Член 87

(1) Корисниците на рибите и другите водни организми имаат право на отштета во случај на незаконски улов на риби на риболовното подрачје од кое рибите и другите водни организми им се доделени на користење.

(2) Отштетата се пресметува по ценовникот за оштета кој, на предлог на научната институција од членот 77 став (1) од овој закон, го донесува министерот.

**Определување на отштета**

Член 88

Висината на отштетата се определува врз начелото за поврат на трошоците и намалување на приходите кое вклучува најмалку:

1. проценета вредност на угинатите риби по ценовникот за оштета;

2. трошоци за земање на пробите, информирањето, доставувањето на мострите и извештаите;

3. трошоци на научната институција и вештите лица за земањето на пробите, извршените анализи и пресметката на отштетата;

4. трошоци за воспоставување на првичната состојба и

5. трошоци за порибување.

## IX. РИБОЛОВ НА МЕЃУДРЖАВНИТЕ ВОДИ

**Риболов на меѓудржавните води**

Член 89

Користењето на рибите и нивната заштита во меѓудржавните води се врши во согласност со обврските на Република Северна Македонија што произлегуваат од ратификуваните меѓудржавни договори со соседните земји.

## X. ПОРИБИТЕЛЕН МАТЕРИЈАЛ И ПОРИБУВАЊЕ

**Одгледување на порибителена материјал**

Член 90

(1) Одгледување на порибителен материјал за порибувањето на риболовни води вршат регистрирани мрестилишта  за производство на порибителен материјал од диви автохтони видови риби и други водни организми.

(2) Одгледувањето на порибителен материјал за порибувањето на Охридското Езеро го вршат регистрирани мрестилишта за одгледување на порибителен материјал исклучиво за диви автохтони видови риби и други водни организми кои го населуваат и живеат во Охридското Езеро.

(3) Одгледување на порибителен материјал за аквакултура вршат регистрирани мрестилишта  за производство на порибителен материјал од риби и други водни организми.

**Регистрирање на мрестилишта**

Член 91

(1) Мрестилишта се домашни правни лица од членот 90 од овој закон на кои им е издадено решение за регистрација на мрестилиште.

(2) За добивање на решението од ставот (1) на овој член, правните лица доставуваат барање до Министерството во писмена или електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредник за административни услуги за електронски пат, во согласност со прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(3) По исклучок од ставот (2) на овој член, а во случај на технички прекин на функционалноста на Националниот портал за електронски услуги, барањето во форма на електронски документ се доставува преку квалификувана електронска препорачана достава на електронската адреса на надлежното лице од Министерството, во согласност со прописите од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(4) Барање за регистрација на мрестилиште од ставот (2) на овој член поднесува правно лице кое ги исполнува следниве услови:

- вработено најмалку едно лице со завршено високо образование VII/1 степен или стекнати 240 кредити според ЕКТС од областа на природните и/или биотехничките науки кои работат на одгледување на подмладок,
- да има матично јато од видовите риби и други водни организми за одгледување подмладок (само за правните лица од членот 90 став (3) од овој закон) и

- се одобрени објекти за одгледување подмладок со објекти за чување на матици, објекти и опрема за инкубирање на оплодената икра, објекти за чување на личинките и подмладокот и соодветна опрема за изведување на мрест од Агенцијата за храна и ветеринарство.

(5) Мрестилиштата од членот 90 ставови (1) и (2) од овој закон може да формираат матично јато од диви автохтони видови риби.

(6) Со порибителниот материјал од матичните јата на дивите автохтони видови риби може да се насадуваат и капацитетите за акавакултура.

(7) Министерството, во рок од 30 дена од денот на поднесување на барањето од ставот (2) на овој член донесува решение за регистрација на мрестилиште, односно решение за одбивање на барањето.

(8) Против решението од ставот (7) на овој член може да се изјави жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

(9) Формата и содржината на барањето од ставот (2) на овој член, како и потребната документација, ги пропишува министерот.

(10) Решението од ставот (7) на овој член може да биде издадено и во форма на електронски документ, кој се доставува на профилот на корисникот на Националниот портал за електронски услуги или во Една точка за услуги, согласно со прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(11) Жалбата од ставот (8) на овој член може да биде поднесена и во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредник за административни услуги за електронски пат, согласно со прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

**Порибување**

Член 92

(1) Порибувањето на риболовните води се врши со порибителен материјал одгледан во регистрирани мрестилишта за производство на порибителен материјал од диви автохтони видови риби и други водни организми.

(2) Порибителниот материјал треба да е проследен со доказ за потеклото и сертификат за здравствена состојба на животните, согласно со прописите од областа на ветеринарното здравство.

(3) Формата, содржината и начинот на издавање на доказот за потекло на порибителниот материјал од ставот (2) на овој член, ги пропишува министерот.

**Изменување на решение и решение за престанок за важност**

Член 93

(1) Министерот донесува решение за престанување на важење на решението од членот 91 став (1) од овој закон во случај кога правното лице престанало да исполнува некој од условите од членот 91 став (4) од овој закон, и тоа:

- на барање на правното лице,
- во случај на ликвидација или отворена стечајна постапка и
- по доставено известување од Државниот инспекторат за земјоделство.

(2) Мрестилиштата од членот 90 од овој закон за изменување и/или дополнување на податоците во решението од членот 91 став (1) од овој закон доставуваат барање до Министерството, во писмена или во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредник за административни услуги за електронски пат, во согласност со прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(3) По исклучок од ставот (2) на овој член, а во случај на технички прекин на функционалноста на Националниот портал за електронски услуги, барањето во форма на електронски документ се доставува преку квалификувана електронска препорачана достава на електронската адреса на надлежното лице од Министерството, во согласност со прописите од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(4) Министерот во рок од 30 дена од денот на поднесување на барањето од ставот (2) на овој член, донесува решение за изменување и/или дополнување на податоците во решението од членот 91 став (1) од овој закон.

(5) Против решенијата од ставовите (1) и (4) на овој член може да се изјави жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

(6) Решенијата од ставовите (1) и (4) на овој член можат да бидат издадени и во форма на електронски документи, кои се доставуваат на профилот на корисникот на Националниот портал за електронски услуги или во Една точка за услуги, согласно со прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(7) Жалбата од ставот (5) на овој член може да биде поднесена и во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредник за административни услуги за електронски пат, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

## Обврски на мрестилишта

Член 94

Регистрираните мрестилишта се должни:

1. да одгледуваат порибителен материјал од оние видови риби и други водни организми кои се наведени во решението за регистрација на мрестилиште и да издаваат доказ за потекло;
2. да спречат бегање на рибите и другите водни организми од мрестилиштата;
3. да доставуваат податоци до Државниот завод за статистика најдоцна до 31 март во тековната за претходната година на образец пропишан согласно со утврдената програма од членот 34 став (2) од овој закон и
4. за секоја промена во мрестилиштето да го известат Министерството.

## XI. НАДЗОР

### **Инспекциски надзор**

Член 95

(1) Инспекциски надзор над спроведувањето на одредбите од овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон, освен над одредбите од членовите 70, 71 и 72 од овој закон, врши Државниот инспекторат за земјоделство преку државни инспектори за земјоделство. Инспекцискиот надзор над одредбите од членовите 74 и 75 од овој закон опфаќа надзор над уловот на риби и други водни органиизми, директната продажба, аквакултурата и транспортот на производи од рибарство и аквакултура.

(2) Инспекцискиот надзор од ставот (1) на овој член се врши врз основа на план за инспекциски надзор во рибарството и аквакултурата, кој е составен дел на Годишниот план за  инспекциски надзор и го изработува Државниот инспекторат за земјоделство.

(3) Инспекциски надзор над спроведувањето на одредбите од членовите 70, 71, 72, 74 и 75 од овој закон врши Агенцијата за храна и ветеринарство врз основа на план за инспекциски контроли во рибарството и аквакултурата, кој е составен дел на Годишниот план за работа на инспекциската служба на Агенцијата за храна и ветеринарство.

(4) За инспекцискиот надзор над спроведувањето на одредбите од членовите 70, 71, 72, 74 и 75 од овој закон се пополнува контролна листа, која се објавува на веб- страниците на Државниот инспекторат за земјоделство и на Агенцијата за храна и ветеринарство.

(5) Државниот инспекторат за земјоделство и Агенцијата за храна и ветеринарство до Министерството поднесуваат Годишен извештај за сите извршени инспекциски надзори над одредбите од овој закон, најдоцна до 31 март во тековната за претходната година.

(6) Непосредните учесници во риболовот се должни по барање на надлежните инспекциски органи и други овластени лица да покажат легитимација за лична идентификација, како и легитимации и дозволи издадени согласно со овој закон, уловот и риболовните средства и опрема.

### **Опомена**

Член 96

(1) За неправилностите и недостатоците утврдени во членовите 100 и 102 точки 1 и 2 од овој закон, инспекторот со решение изрекува опомена и определува рок во кој субјектот на инспекциски надзор е должен да ги отстрани неправилностите и недостатоците, утврдени со записник.

(2) Решението од ставот (1) на овој член, се донесува веднаш, а најдоцна во рок од осум дена од денот на изготвувањето на записникот.

(3) Инспекторот е должен да води евиденција за изречените опомени.

(4) Во случај на повторување на истиот прекршок не се изрекува опомена.

(5) Формата и содржината на евиденцијата за изречените опомени ги пропишува министерот.

## XII. ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ

**Глоба**

Член 97

(1) Глоба во износ од 1.000 до 2.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правно лице микротрговец и мал трговец, во износ од 3.000 до 6.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правно лице среден трговец и во износ од 6.000 до 10.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правно лице голем трговец, доколку:

1. увезува и/или одгледува алохтони, инвазивни и локално неприсутни видови спротивно на членот 50 од овој закон;
2. врши увоз и реизвоз на производи од рибарство и аквакултура спротивно на членот 75;
3. врши риболов на риболовно подрачје на кое нема корисник на рибите и другите водни организми (член 83 став (1) точка 1);
4. врши на риболов во прогласени заштитени подрачја (член 83 став (1) точка 2);
5. врши и/или помага нелегален, непријавен и нерегулиран риболов или е сопственик на рибарски брод вклучен во нелегален, непријавен и нерегулиран риболов (член 83 став (1) точка 3);
6. става во промет производи од риби и други водни организми од недозволени видови и под оредена големина (член 83 став (1) точка 6);
7. врши увоз на производи од рибарство уловени во море кои потекнуваат од нелегален, непријавен и нерегулиран риболов (член 83 став (1) точка 7);
8. врши увоз на производи од рибарство уловени во море без соодветна и точно пополнета документација (член 83 став (1) точка 8);
9. врши увоз на производи од рибарство од земји кои не соработуваат во борбата против нелегален, непријавен и нерегулиран риболов (член 83 став (1) точка 9);
10. одгледува порибителен материјал спротивно на членот 90 од овој закон и
11. врши порибување спротивно на членот 92 од овој закон.

(2) За сторен прекршок од ставот (1) точки 2, 5, 6, 7, 8 и 9 на овој член, покрај изречената глоба, на правното лице ќе му се изрече и прекршочна санкција глоба во износ од најмалку петпати од вредноста на производите од рибарство и аквакултура добиена од сторениот прекршок. Во случај на повторување на прекршокот во рок од пет години, на правното лице ќе му се изрече прекршочна санкција глоба во износ од најмалку осумпати од вредноста на производите од рибарство и аквакултура добиена од сторениот прекршок.

(3) Глоба во износ од 300 до 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече и на одговорното лице во правното лице за сторен прекршок од ставот (1) на овој член.

(4) На правното лице покрај глобата од ставот (1) на овој член ќе му се изрече прекршочна санкција забрана за вршење одделна дејност во траење од три месеци до две години.

(5) На одговорното лице во правното лице, покрај глобата од ставот (2) на овој член, ќе му се изрече прекршочна санкција забрана за вршење професија, дејност или должност во траење до 30 дена.

Член 98

(1) Глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правно лице микротрговец и мал трговец, во износ од 1.000 до 2.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правно лице среден трговец и во износ од 1.000 до 3.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правно лице голем трговец, доколку:

1. не го плати надоместокот утврден во договорот за користење (член 12 став (1));

2. врши комерцијален риболов со невработени лица и /или издава легитимација на лица без положен испит за рибар (член 35 став (1));

3. лови риба во определено време на забрана во период на природен мрест (член 37 став (1));

4. лови риби и други водни организми во количини поголеми од утврдените во договорот (член 37 став (2));

5. лови риби и други водни организми под дозволената големина утврдена во правилникот (член 37 став (2));

6. лови риби и други водни организми со средства кои не се дозволени (член 37 став (2));

7. врши комерцијален риболов со нерегистрирани и видливо необележани пловни објекти, како и со неозначен и неевидентиран рибарски алат (член 37 став (3));

8. остварениот приход на годишно ниво од издавањето или продолжувањето на легитимациите од ставот (1) не е наменет согласно со членот 40 став (4) од овој закон;

9. врши мелиоративен и селективен риболов спротивно на членот 45 ставови (1), (4) и (5) од овој закон;

10. врши риболов за научноистражувачки цели спротивно на членот 46 ставови (5) и (7) од овој закон;

11. врши аквакултура а не е запишан во Регистарот (член 48 став (1));

12. врши аквакултура во Охридското, Преспанското и во Дојранското Езеро (член 84 став (2));

13. во сливовите на Охридското, Преспанското и на Дојранското Езеро врши аквакултура на алохтони и локално неприсутни видови надвор од затворен - рециклирачки систем на одгледување (член 84 став (3));

14. одгледува видови риби и други водни организми кои не се наведени во решението за запишување во Регистарот на вршители на аквакултура (член 49 став (1) точка 1);

15. става во промет производи од рибарство и аквакултура кои не ги исполнуваат пазарните стандарди (член 70 став (1));

16. не овозможува следливост на сите серии на производи од рибарство и производи од аквакултура, во сите фази на производство, преработка и дистрибуција од излов до малопродажба (член 74 став (1));

17. не ја означил секоја серија (лот) и/или не издава доказ за потеклото на рибата и другите водни организми ( член 74 став (2));

18. става во промет производи од рибарство и аквакултура кои не содржат задолжителните информации за потрошувачите спротивно на членот 71 од овој закон;

19. става во промет здружени или разделени серии на производи од рибарство и производите од аквакултура кои не се следливи до нивниот излов (член 74 став (3));

20. не поседуваат документација со податоци и информации кои се потребни за следливост во сите фази на производство, преработка и дистрибуција од излов до малопродажба. (член 74 став (4));

21. не ја чува документацијата и доказот за потекло од сите фази на производство, преработка и дистрибуција од излов до малопродажба во предвидениот период (член 74 став (5));

22. внесува алохтони инвазивни видови риби и други водни организми и/или нивни порибителен материјал,како и реинтродукција на автохтони видови и/или порибителен материјал во риболовните води без дозвола од органот на државна управа (член 83 став (1) точка 13 );

23. нагло и ненајавено ја испушта водата од стоечките води (член 83 став 1 точка 15) и

24. одгледува видови риби и други водни организми кои не се наведени во решението за регистрација на мрестилиште (член 94 став (1) точка 1).

(2) Глоба во износ од 100 до 300 евра во денарска противвредност ќе му се изрече и на одговорното лице во правното лице за сторен прекршок од ставот (1) на овој член.

(3) На правното лице, покрај глобата од ставот (1) на овој член, ќе му се изрече прекршочна санкција забрана за вршење одделна дејност во траење од три месеци до две години.

(4) На одговорното лице во правното лице, покрај глобата од ставот (2) на овој член, ќе му се изрече прекршочна санкција забрана за вршење професија, дејност или должност во траење до 30 дена.

Член 99

(1) Глоба во износ од 250 до 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правно лице микротрговец и мал трговец, во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правно лице среден трговец и во износ од 500 до 1.500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правно лице голем трговец, доколку:

1. не води евиденција и не доставува податоци во електронска форма за вршењето на комерцијален риболов на дневна основа (член 34 став (1));

2. вршат физичка заштита на рибите и другите водни организми спротивно на членот 36 став (1) од овој закон;

3. не поднесува пријава и не ги доставува привремено одземените риболовни средства до Државниот инспекторат за земјоделство во предвидениот рок (член 36 став (4));

4. организира спортски натпревари спротивно на членот 44 од овој закон;

5. не спречи бегање на риби и други водни организми од објектите за аквакултура (член 49 став (1) точка 2);

6. не доставува податоци до Државниот завод за статистика во предвидениот рок и на пропишан начин (член 49 став 1 точка 3 и член 94 став (1) точка 3);

7. не пријави промена во министерството во предвидениот рок и/или (член 49 став (1) точка 4 и член 94 став (4));

8. не го обележи појасот околу кафезот согласно со членот 49 став (1) точка 5 од овој закон;

9. става дополнителни доброволни податоци за производи од рибарство и аквакултура кои не можат да се проверат (член 72 став (3));

10. става во промет риби и други водни организми кои не се утврдени во листата (член 73 став (1));

11. ставање во промет на риби и други водни организми  надвор од местата утврдени за продажба (член 83 став (1) точка 10);

12. врши комерцијален риболов надвор од границите на риболовната зона (член 83 став (1) точка 17);

13. не спречи бегање на риби и други водни организми од мрестилиштата (член 94 став (1) точка 2).

(2) Глоба во износ од 50 до 150 евра во денарска противвредност ќе му се изрече и на одговорното лице во правното лице за сторен прекршок од ставот (1) на овој член.

Член 100

(1) Глоба во износ од 650 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правното лице, доколку:

1. не плаќа надоместок во предвидениот рок утврден во договорот за користење (член 12 став (2));

2. не поднесе годишен извештај во определениот рок (член 33 став (1));

3. не доставува евиденција на пропишан образец и во предвидениот рок (член 34 став (2));

4. издава дозволи спротивно на членот 41 став (3) од овој закон;

5. издава дозвола по цена поголема од утврдената (член 42 став (1));

6. не утврди цени во предвидениот рок (член 42 став (3));

7. не доставува извештај во предвиден рок ( член 66 ставови (1) и (2));

8. става ознаки за дополнителните информации спротивно на членот 72 став (2) од овој закон;

9. не достави извештај во предвидениот рок (член 78 став (3));

10. става во промет свежа риба и други водни организми од комерцијален риболов после 24 часа од време на утврдениот период за забрана за риболов на одредениот вид на риба (член 83 став (1) точка 5);

11. лови риба и врши други активности кои можат да го попречат и отежнат одгледувањето на рибите и другите водни организми на оддалеченост помала од 15 метри околу кафезите (член 83 став (1) точка 11);

12. средствата од надоместокот на штетата не ги намени за порибување (член 86 став (4)).

(2) Глоба во износ од 70 евра во денарска противвредност ќе му се изрече и на одговорното лице во правното лице за сторен прекршок од ставот (1) на овој член.

Член 101

(1) Глоба во износ од 250 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на физичко лице, доколку:

1. врши комерцијален риболов на води за кои не му е издадена легитимација и/или со и рибарски алат и опрема кои не се впишани во легитимацијата (член 35 став (3));

2. не ја врати легитимацијата по престанување на работниот однос (член 35 став (5) и 36 став (6));

3. лови риба во определено време на забрана во период на природен мрест (член 37 став (1));

4. лови риби и други водни организми во количини поголеми од утврдените во договорот (член 37 став (2));

5. лови риби и други водни организми под дозволената големина утврдена во правилникот (член 37 став (2));

6. лови риби и други водни организми со средства кои не се дозволени ( член 37 став 2 );

7. врши рекреативен риболов без легитимација (член 40 став (1));

8. врши рекреативен риболов без дозвола (член 41 став (1));

9. врши аквакултура, а не е запишан во регистарот (член 47 став (2));

10. одгледува видови риби и други водни организми кои не се наведени во решението за запишување во регистарот на вршители на аквакултура член (член 49 став (1) точка 1);

11. не спречи бегање на риби и други водни организми од објектите за аквакултура (член 49 став (1) точка 2);

12. не доставува податоци до Државниот завод за статистика во предвидениот рок и на пропишан начин (член 49 став (1) точка 3);

13. не пријави промена во министерството во предвидениот рок (член 49 став (1) точка 4);

14. не го обележи појасот околу кафезот согласно со членот 49 став (1) точка 5 од овој закон;

15. увезува и/или одгледува алохтони инвазивни и локално неприсутни видови риби и други водни организми и нивен порибителен материјал без прибавена дозвола (член 50);

16. врши и/или помага нелегален, непријавен и нерегулиран риболов, работи, управува или е сопственик на рибарски брод вклучен во нелегален, непријавен и нерегулиран риболов (член 83 став (1) точка 3);

17. става во промет риби и други водни организми надвор од местата утврдени за продажба (член 83 став (1) точка 10);

18. лови на риби и други водни организми со насилно закачување со риболовен прибор, со трокуки, со мрежичка на трска, со преградување, исцрпување и пренасочување на риболовната вода, со поставување на направи на пропусти, канали, брани и други постројки (член 83 став (1) точка 12);

19. внесува алохтони инвазивни видови риби и други водни организми и/или нивни порибителен материјал, како и реинтродукција на автохтони видови и/или порибителен материјал во риболовните води без дозвола од органот на државна управа (член 83 став (1) точка 13);

20. се движи или се задржува во непосредна близина на риболовните води со носење експлозив, огнено оружје, хемиски средства и мрежа или други забранети риболовни средства (член 83 став (1) точка 14);

21. врши транспорт на риба и други водни организми од рекреативен риболов, освен при нивен транспорт со поседување на дозвола за рекреативен риболов во дозволена количина и големина (член 83 став (1) точка 19) и

22. непосредните учесници во риболовот не постапуваат согласно со членот 95 став (6) од овој закон.

(2) За сторен прекршок од став (1) точка 16 на овој член, покрај изречената глоба, на физичкото лице ќе му се изрече и прекршочна санкција глоба во износ од најмалку петпати од вредноста на производите од рибарство и аквакултура добиена од сторениот прекршок. Во случај на повторување на прекршокот во рок од пет години ќе му се изрече прекршочна санкција глоба во износ од најмалку осумпати од вредноста на производите од рибарство и аквакултура добиена од сторениот прекршок.

Член 102

Глоба во износ од 100 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на физичко лице, доколку:

1. не ја носи легитимцијата за рибар при вршење на комерцијален риболов (член 35 став (2));

2. не ја носи легитимацијата и /или дозволата за рекреативен риболов и/или не води евиденција и не ги доставува податоците (член 41 став (6));

3. лови риба и врши на други активности кои можат да го попречат и отежнат одгледувањето на рибите и другите водни организми на оддалеченост помала од 15 метри околу кафезите (член 83 став (1) точка 11) и

4. попречува поставување, оштетува и преместува поставени ознаки на риболовните води (член 83 став (1) точка 18).

## Одземање на улов, риболовни средства и опрема

Член 103

За сторените прекршоци од членовите 97, 98, 99, 100, 101 и 102 од овој закон, покрај глобата, на сторителот на прекршокот ќе му се одземе дозволата за рекреативен риболов, легитимацијата за рибар, уловот, рибите и другите водни организми, порибителниот материјал и производите од рибарство и аквакултура ставени во промет, како и материјалната корист остварена со незаконски риболов, риболовните средства и опремата со кои е сторен прекршокот.

## Прекршочна постапка и постапка за порамнување

Член 104

(1) Пред поднесување на барањето за поведување на прекршочна постапка за прекршоците предвидени во овој закон, државниот инспектор за земјоделство или официјалниот ветеринар на сторителот на прекршокот ќе му предложи постапка за порамнување со издавање на прекршочен платен налог, согласно со Законот за прекршоците.

(2) Државниот инспектор за земјоделство е должен да води евиденција за издадените прекршочни платни налози, како и за исходот на покренатите постапки.

(3) Во евиденцијата од ставот (2) на овој член се собираат, обработуваат и се чуваат следниве податоци: име и презиме, односно назив на сторителот на прекршокот, живеалиште, односно престојувалиште, седиште, вид на прекршокот, број на прекршочниот платен налог кој му се издава и исходот на постапката.

(4) Личните податоци од ставот (3) на овој член се чуваат пет години од денот на внесување во евиденцијата.

(5) Формата и содржината на прекршочниот платен налог ги пропишува министерот.

Член 105

Одмерувањето на висината на глобата за правното лице се врши согласно со Законот за прекршоците.

## Надлежни органи за водење на прекршочна постапка

Член 106

За прекршоците утврдени со членовите 97, 98, 99 и 103 од овој закон прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува надлежен суд, а за прекршоците утврдени со членовите 100, 101 и 102 од овој закон прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува прекршочна комисија, формирана согласно со Законот за Државниот инспекторат за земјоделство.

## XIII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 107

(1) Започнатите постапки за доделување на рибите на користење по пат на концесија до денот на влегувањето во сила на овој закон ќе завршат согласно со Законот за рибарство и аквакултура („Службен весник на Република Македонија" број 7/2008, 67/10, 47/11, 53/11, 95/12, 164/13, 116/14, 154/15, 193/15, 39/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број150/21).

(2) Програмата за унапредување на рибарството и аквакултурата во Република Македонија за период од 12 години, донесена согласно со Законот за рибарство и аквакултура („Службен весник на Република Македонија” број 7/2008, 67/10, 47/11, 53/11, 95/12, 164/13, 116/14, 154/15, 193/15, 39/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија” број 150/21), продолжува да важи до истекот на рокот за кој е донесена.

(3) Риболовните основи донесени до денот на влегувањето во сила на овој закон врз основа на Законот за рибарство и аквакултура („Службен весник на Република Македонија” број 7/2008, 67/10, 47/11, 53/11, 95/12, 164/13, 116/14, 154/15, 193/15, 39/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија” број 150/21), продолжуваат да важат до донесување на Риболовните основи согласно со овој закон.

(4) Склучените договори за користење на рибите од риболовните води до денот на влегувањето во сила на овој закон врз основа на Законот за рибарство и аквакултура („Службен весник на Република Македонија” број 7/2008, 67/10, 47/11, 53/11, 95/12, 164/13, 116/14, 154/15, 193/15, 39/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија” број 150/21) продолжуваат да важат до истекот на рокот на нивното важење.

(5) Издадените легитимациите за рибар и рибочувар до денот на влегувањето во сила на овој закон продолжуваат да важат до денот на истекот на доделените концесии согласно со Законот за рибарство и аквакултура („Службен весник на Република Македонија” број 7/2008, 67/10, 47/11, 53/11, 95/12, 164/13, 116/14, 154/15, 193/15, 39/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија” број 150/21).

Член 108

Субјектите кои се занимаваат со аквакултура се должни во рок од две години од денот на влегувањето во сила на овој закон да го усогластат своето работење со одредбите од овој закон.

Член 109

(1) Подзаконските прописи предвидени со овој закон ќе се донесат во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој закон.

(2) До денот на влегувањето во сила на подзаконските прописи од ставот (1) на овој член, ќе се применуваат прописите што важеле до денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 110

Членот 75 од овој закон ќе започне да се применува три години од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 111

Одредбите од членовите 52, 53, 54, 55, 56, 57, 58, 59, 60, 61, 62, 63, 64, 65, 66, 67 68, 69 70, 71, 72, 73, 74, 75 и 79 од овој закон ќе важат до денот на пристапувањето на Република Северна Македонија во Европската Унија.

Член 112

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престанува да важи Законот за рибарство и аквакултура („Службен весник на Република Македонија” број 7/2008, 67/10, 47/11, 53/11, 95/12, 164/13, 116/14, 154/15, 193/15, 39/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија” број 150/21), освен одредбите од членовите 15, 102, 102-а, 102-б, 102-в, 102-г, 102-д, 102-ѓ, 102-е, 102-ж, 102-з и 102-и кои ќе се применуваат до 31 декември 2025 година.

Член 113

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.